Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

за годината што завршува
на 31 декември 2019 година

СОДРЖИНА

	Страница
Извештај на независниот ревизор	1
Биланс на успех	3
Извештај за сеопфатна добивка	4
Биланс на состојба	5
Извештај за промените во капиталот и резервите	7
Извештај за паричниот тек	11
Белешки кон финансиските извештаи	13
Прилог 1 – Годишна сметка	
Прилог 2 – Годишен извештај	

Извештај на независниот ревизор

Grant Thornton DOO
Sv. Kiril i Metodij 52b-1/20
1000 Skopje
Macedonia

T +389 (0)2 3214 700
F +389 (0)2 3214 710
E Contact@mk.gt.com
www.grantthornton.mk

До Акционерите на
Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје

Извештај за финансиските извештаи
Ние извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје (во понатамошниот текст „Банката“) составени од Билансот на состојба на ден 31 декември 2019 година и Билансот на успех, Извештајот за сеопфатната добивка, Извештајот за промените во капиталот и резервите и Извештајот за паричниот тек за годината што тогаш заврши, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки, вклучени на страните 3 до 125.

Одговорност на Раководството за финансиските извештаи
Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со регулативата на Народна банка на Република Северна Македонија, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола која Раководството утврдува дека е неопходна за да овозможи изготвување на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување како резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот
Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Северна Македонија[1]. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување. Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот и истите вклучуваат проценка на ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, било поради измама или грешка. При овие проценки на ризиците, ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Банката со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за потребата да изрази мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Банката. Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупната презентација на финансиските извештаи.

[1] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР“) издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување („ОМСРУ“), кои стапија на сила на 15 декември 2009 година, преведени и објавени во Службен весник на Република Македонија број 79 од 2010 година.

Ние веруваме дека стекнатите ревизорски докази претставуваат задоволителна и соодветна основа за нашето ревизорско мислење.

Мислење

Наше мислење е дека придружните финансиски извештаи ја претставуваат објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје на 31 декември 2019 година, како и резултатите од работењето и паричните текови за годината што тогаш заврши, во согласност со регулативата на Народна банка на Република Северна Македонија.

Извештај за други правни и регулаторни барања

Раководството на Банката е исто така одговорно за изготвување на годишниот извештај за работењето на Банката за 2019 година во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на годишниот извештај, со историските финансиски податоци објавени во годишната сметка и ревидираните финансиските извештаи на Банката со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2019 година, во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Северна Македонија[2], како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за Ревизија.

Наше мислење е дека историските финансиски податоци објавени во годишниот извештај за работењето на Банката со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2019 година, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со податоците објавени во годишната сметка и ревидираните финансиските извештаи на Банката со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2019 година.

Скопје,
30 април 2020 година

Грант Торнтон ДОО, Скопје

Друштво за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје

Управител
Сузана Ставриќ

Овластен ревизор
Сузана Ставриќ

[2] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР“) издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување („ОМСРУ“), кои стапија на сила на 15 декември 2009 година, преведени и објавени во Службен весник на Република Македонија број 79 од 2010 година.

Биланс на успех

За периодот од 1 јануари 2019 до 31 декември 2019 година

Во илјади денари	*Белешка*	2019	2018
Приходи од камата		157,640	203,190
Расходи за камата		(73,439)	(103,421)
Нето-приходи/(расходи) од камата	*6*	84,201	99,769
Приходи од провизии и надомести		38,439	40,821
Расходи за провизии и надомести		(26,335)	(25,463)
Нето-приходи/(расходи) од провизии и надомести	*7*	12,104	15,358
Нето-приходи од тргување	*8*	-	-
Нето-приходи од други финансики инструменти евидентирани по објективна вредност	*9*	-	-
Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики	*10*	(243)	75
Останати приходи од дејноста	*11*	4,899	5,744
Удел во добивката на придружените друштва	*24*	-	-
Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа	*12*	(16,345)	(1,899)
Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа	*13*	(1,369)	(1,466)
Трошоци за вработените	*14*	(34,215)	(35,246)
Амортизација	*15*	(4,781)	(10,026)
Останати расходи од дејноста	*16*	(23,465)	(20,374)
Удел во загубата на придружените друштва	*24*	-	-
Добивка/(загуба) пред оданочување		**20,786**	**51,935**
Данок од добивка	*17*	(2,419)	(5,423)
Добивка/(загуба) за финансиската година од непрекинато работење		**18,367**	**46,512**
Добивка/(загуба) од група на средства и обврски кои се чуваат за продажба		-	-
Добивка/(загуба) за финансиската година		**18,367**	**46,512**
Добивка/(загуба) за периодот, која припаѓа на*:			
акционерите на банката		-	-
малцинското учество		-	-
Заработка по акција	*41*		
основна заработка по акција (во денари)		48	121
разводнета заработка по акција (во денари)		48	121

* само за консолидираните финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одобрени од страна на Надзорниот одбор на Банката на 29 април 2020 година и во нивно име се потпишани од Управниот одбор на Банката на 29 април 2020 година.

Кире Наумов
Главен извршен директор

Фарук Исмаили
Главен оперативен директор

ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
за периодот од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година
(во илјади денари)

	Белешка	2019	2018
Добивка/(загуба) за финансиската година		**18,367**	**46,512**
Останати добивки/(загуби) во периодот (пред оданочување)		**-**	**-**
Останати добивки/(загуби) во периодот коишто не се прикажуваат во Билансот на успех (пред оданочување)			
Реваloризациска резерва за сопствени средства расположливи за продажба			
- нереализирани нето-промени во објективната вредност на сопствениците средства расположливи за продажба		-	-
- реализирани нето-добивки/(загуби) од сопствениците средства расположливи за продажба, рекласифицирани во Останати резерви		-	-
Промени во кредитната способност на банката, за финансиски обврски кои се мерат по објективна вредност		-	-
Данок на добивка од останати добивки/(загуби) коишто не се прикажуваат во Билансот на успех		-	-
Вкупно останати добивки/(загуби) во периодот коишто не се прикажуваат во Билансот на успех		**-**	**-**
Останати добивки/(загуби) во периодот коишто се или може да се прекласифицираат во Билансот на успех (пред оданочување)			
Реваloризациска резерва за должнички средства расположливи за продажба			
- нереализирани нето-промени во објективната вредност на должничките средства расположливи за продажба		-	-
- реализирани нето-добивки/(загуби) од должничките средства расположливи за продажба, рекласифицирани во Билансот на успех		-	-
- дополнителна исправка на вредноста на должничките средства расположливи за продажба		-	-
- ослободување на исправка на вредноста на должничките средства расположливи за продажба		-	-
Реваloризациска резерва за преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања			
- реваloризациска резерва признаена во текот на годината		-	-
- намалување на реваloризациската резерва, рекласифицирано во Билансот на успех		-	-
Резерва за инструменти за заштита од ризикот од паричните текови			
- нереализирани нето-промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од паричните текови		-	-
- реализирани нето-добивки/(загуби) од инструментите за заштита од ризикот на паричните текови, рекласифицирани во Билансот на успех		-	-
Резерва за инструменти за заштита од ризикот од нето-вложување во странско работење		-	-
Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење		-	-
Удел во останатите добивки/(загуби) од придружените друштва кои не се прикажуваат во Билансот на успех	24	-	-
Останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех		-	-
Данок на добивка од останати добивки/(загуби) коишто се или може да се прекласифицираат во Билансот на успех	17	-	-
Вкупно останати добивки/(загуби) во периодот коишто се или може да се прекласифицираат во Билансот на успех		**-**	**-**
Вкупно останати добивки/(загуби) во периодот		**-**	**-**
Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година		**18,367**	**46,512**

Финансиските извештаи се одобрени од страна на Надзорниот одбор на Банката на 29 април 2020 година и во нивно име се потпишани од Управниот одбор на Банката на 29 април 2020 година.

Кире Наумов
Главен извршен директор

Фарук Исмаили
Главен оперативен директор

Биланс на состојба

Во илјади денари	***Белешка***	**2019**	**2018**
Актива			
Парични средства и парични еквиваленти	*18*	773,636	698,074
Средства за тргување	*19*	-	-
Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање	*20*	-	-
Дериватни средства чувани за управување со ризик	*21*	-	-
Кредити на и побарувања од банки	*22.1*	9,328,142	9,160,044
Кредити на и побарувања од други комитенти	*22.2*	79,493	61,365
Вложувања во хартии од вредност	*23*	-	-
Вложувања во придружени друштва (сметководствено се евидентираат според "методот на главнина")	*24*	-	-
Побарувања за данок на добивка (тековен)	*30.1*	3,653	5,203
Останати побарувања	*25*	11,060	8,997
Заложени средства	*26*	-	-
Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања	*27*	4,496	5,864
Нематеријални средства	*28*	923	290
Недвижности и опрема	*29*	111,157	111,889
Одложени даночни средства	*30.2*	-	-
Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување	*31*	-	-
Вкупна актива		**10,312,560**	**10,051,726**
Обврски			
Обврски за тргување	*32*	-	-
Финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање	*33*	-	-
Дериватни обврски чувани за управување со ризик	*21*	-	-
Депозити на банки	*34.1*	-	-
Депозити на други комитенти	*34.2*	-	-
Издадени должнички хартии од вредност	*35*	-	-
Обврски по кредити	*36*	7,673,211	7,435,704
Субординирани обврски	*37*	-	-
Посебна резерва и резервирања	*38*	9,303	5,784
Обврски за данок на добивка (тековен)	*30.1*	-	-
Одложени даночни обврски	*30.2*	-	-
Останати обврски	*39*	10,586	9,145
Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување	*31*	-	-
Вкупно обврски		**7,693,100**	**7,450,633**

Биланс на состојба (продолжува)

Во илјади денари	*Белешка*	2019	2018
Капитал и резерви			
Запишан капитал	*40*	1,193,792	1,193,792
Премии од акции		-	-
Сопствени акции		-	-
Капитална компонента на хибридни финансиски инструменти		-	-
Други сопственички инструменти		-	-
Ревалоризациски резерви		-	-
Останати резерви		1,407,301	1,360,789
Задржана добивка/(Акумулирани загуби)		18,367	46,512
Вкупно капитал и резерви, кои припаѓаат на акционерите во Банката		**2,619,460**	**2,601,093**
Малцинско учество		-	-
Вкупно капитал и резерви		**2,619,460**	**2,601,093**
Вкупно обврски и капитал и резерви		**10,312,560**	**10,051,726**
Потенцијални обврски	*42*	386,275	505,605
Потенцијални средства	*42*	-	-

Финансиските извештаи се одобрени од страна на Надзорниот одбор на Банката на 29 април 2020 година и во нивно име се потпишани од Управниот одбор на Банката на 29 април 2020 година.

Кире Наумов
Главен извршен директор

Фарук Исмаили
Главен оперативен директор

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ

за периодот од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година (во илјади денари)

	Капитал				Ревалоризациски резерви					Останати резерви			Задржана добивка				
	Запишан капитал	Премии од акции	(Сопствени акции)	Други сопствени инструменти	Ревалоризациски резерви за средства расположливи за продажба	Ревалоризациска резерва за средства преземени за ненаплатени побарувања	Резерви за заштита од ризикот	Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење	Останати ревалоризациски резерви	Законска резерва	Капитална компонента на хибридни финансиски инструменти	Останати резерви	Расположлива за распределба на акционерите	Ограничена за распределба на акционерите	(Акумулирани загуби)	Вкупно капитал и резерви, кои припаѓаат на акционерите на Банката	Вкупно капитал и резерви
На 31 декември 2017 (претходна год.)/ 1 јануари 2018 (претходна год.)	**1,193,792**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**1,118,053**	**-**	**153,121**	**89,615**	**-**	**-**	**2,554,581**	**2,554,581**
Корекции на почетната состојба	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
На 1 јануари 2018 година (претходна год.) коригирано	**1,193,792**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**1,118,053**	**-**	**153,121**	**89,615**	**-**	**-**	**2,554,581**	**2,554,581**
Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година																	
Добивка/(загуба) за финансиската година	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	46,512	-	-	46,512	46,512
Останати добивки/(загуби) во периодот																	
Промени во објективната вредност на средствата расположиви за продажба	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
должнички инструменти																	
- нереализирани промени во објективната вредност (нето)	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
- реализирани промени во објективната вредност (нето), префрлени во БУ	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
- дополнителна исправка на вредноста на должничките средства располож. за прод.	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
- ослободување на исправка на вредноста на должничките средства располож. за прод.	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
сопственички инструменти																	
- нереализирани промени во објективната вредност (нето)	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
- реализирани промени во објективната вредност (нето), префрлени во Останати рез.	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот на парични текови	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ (продолжува)
за периодот од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година (во илјади денари)

	Капитал				Ревалоризациски резерви					Останати резерви			Задржана добивка				
	Запишан капитал	Премии од акции	(Сопствени акции)	Други сопствени инструменти	Ревалоризациски резерви за средства расположливи за продажба	Ревалоризациска резерва за средства преземени за ненаплатени побарувања	Резерви за заштита од ризикот	Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење	Останати ревалоризациски резерви	Законска резерва	Капитална компонента на хибридни финансиски инструменти	Останати резерви	Расположлива за распределба на акционерите	Ограничена за распределба на акционерите	(Акумулирани загуби)	Вкупно капитал и резерви, кои припаѓаат на акционерите на Банката	Вкупно капитал и резерви
Промени во објективната вредност на заштита од ризикот на нето-вложување во странско работење	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Курсни разлики од вложување во странско работење	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Одложени даночни средства/(обврски) признаени во капиталот и резервите	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Промени во кредитната способност на банката, за финансиски обврски кои се мерат по објективна вредност	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Останати добивки/(загуби) коишто не се прикажуваат во Билансот на успех	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Вкупно нереализирани добивки/(загуби) признаени во капиталот и резервите	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	***46,512***	**-**	**-**	***46,512***	***46,512***
Вкупно сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**46,512**	**-**	**-**	**46,512**	**46,512**
Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите																	
Издадени акции во текот на периодот	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Издвојување за законска рез.	-	-	-	-	-	-	-	-	-	89,615	-	-	(89,615)	-	-	-	-
Издвојување за останати рез.	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Дивиденди	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Откуп на сопствени акции	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Продадени сопствени акции	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Други промени во капиталот и резервите - останато	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**89,615**	**-**	**-**	**(89,615)**	**-**	**-**	**-**	**-**
На 31 декември 2018	**1,193,792**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**1,207,668**	**-**	**153,121**	**46,512**	**-**	**-**	**2,601,093**	**2,601,093**

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ (продолжува)
за периодот од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година (во илјади денари)

	Капитал				Ревалоризациски резерви					Останати резерви			Задрж. добивка				
	Запишан капитал	Премии од акции	(Сопствени акции)	Други сопствени инструменти	Ревалоризациски резерви за средства расположливи за продажба	Ревалоризациска резерва за средства преземени за ненаплатени побарувања	Резерви за заштита од ризикот	Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење	Останати ревалоризациски резерви	Законска резерва	Капитална компонента на хибридни финансиски инструменти	Останати резерви	Расположлива за распределба на акционерите	Ограничена за распределба на акционерите	(Акумулирани загуби)	Вкупно капитал и резерви, кои припаѓаат на акционерите на Банката	Вкупно капитал и резерви
На 31 декември 2018 (претходна година)/ 1 јануари 2019 (тековна год.)	**1,193,792**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**1,207,668**	**-**	**153,121**	**46,512**	**-**	**-**	**2,601,093**	**2,601,093**
Корекции на почетната состојба	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
На 1 јануари 2019 година (тековна година) коригирано	**1,193,792**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**1,207,668**	**-**	**153,121**	**46,512**	**-**	**-**	**2,601,093**	**2,601,093**
Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година																	
Добивка/(загуба) за финансиската година	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	18,367	-	-	18,367	18,367
Останати добивки/(загуби) во периодот																	
Промени во објективната вредност на средствата расположиви за продажба	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
должнички инструменти																	
- нереализирани промени во објективната вредност (нето)	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
- реализирани промени во објективната вредност (нето), префрлени во БУ	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
- дополнителна исправка на вредноста на должничките средства располож. за прод.	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
- ослободување на исправка на вредноста на должничките средства располож. за прод.	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
сопственички инструменти																	
- нереализирани промени во објективната вредност (нето)	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
- реализирани промени во објективната вредност (нето), префрлени во Останати рез.	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Промени во објектив. вред. на инструментите за заштита од ризикот на паричните текови	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Промени во објектив. вред. на заштита од ризикот на нето-вложување во стр.работење	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-

ИЗЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ (продолжува)
за периодот од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година (во илјади денари)

	Капитал				Ревалоризациски резерви					Останати резерви			Задрж. добивка				
	Запишан капитал	Премии од акции	(Сопствени акции)	Други сопствени инструменти	Ревалоризациски резерви за средства расположливи за продажба	Ревалоризациска резерва за средства преземени за ненаплатени побарувања	Резерви за заштита од ризикот	Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење	Останати ревалоризациски резерви	Законска резерва	Капитална компонента на хибридни финансиски инструменти	Останати резерви	Расположлива за распределба на акционерите	Ограничена за распределба на акционерите	(Акумулирани загуби)	Вкупно капитал и резерви, кои припаѓаат на акционерите на Банката	Вкупно капитал и резерви
Курсни разлики од вложување во странско работење	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Одложени даночни средства/(обврски) признаени во капиталот и резервите	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Промени во кредитната способност на банката, за финансиски обврски кои се мерат по објективна вредност	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во БУ	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Вкупно нереализирани добивки/(загуби) признаени во капиталот и резервите	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Вкупно сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година													18,367			18,367	18,367
Трансакции со акционерите, признаени во капит. и рез.																	
Издадени акции во текот на периодот	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Издвојување за законска рез.	-	-	-	-	-	-	-	-	-	46,512	-	-	(46,512)	-	-	-	-
Издвојување за останати рез.	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Дивиденди	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Откуп на сопствени акции	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Продадени сопствени акции	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Други промени во капиталот и резервите - останато	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Трансакции со акционерите, признаени во капит. и рез.	-	-	-	-	-	-	-	-	-	46,512	-	-	(46,512)	-	-	-	-
На 31 декември 2019	1,193,792	-	-	-	-	-	-	-	-	1,254,180	-	153,121	18,367	-	-	2,619,460	2,619,460

Финансиските извештаи се одобрени од страна на Надзорниот одбор на Банката на 29 април 2020 година и во нивно име се потпишани од Управниот одбор на Банката на 29 април 2020 година.

Кире Наумов
Главен извршен директор

Фарук Исмаили
Главен оперативен директор

Извештај за паричниот тек

За годината завршена на 31 декември

Во илјади денари	***Белешка***	**2019**	**2018**
Паричен тек од основната дејност			
Добивка/(Загуба)пред оданочувањето		**20,786**	**51,935**
Корегирана за:			
Неконтролирано учество, вклучено во консолидираниот биланс на успех		-	-
Амортизација на:			
нематеријални средства	15, 28	283	4,951
недвижности и опрема	15,29	4,498	5,075
Капитална добивка од:			
продажба на нематеријални средства		-	-
продажба на недвижности и опрема		-	(40)
продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања	11	(615)	-
Капитална загуба од:			
продажба на нематеријални средства		-	-
продажба на недвижности и опрема		-	-
продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања		-	-
Приходи од камата	6	(157,640)	(203,190)
Расходи за камата	6	73,439	103,421
Нето-приходи од тргување		-	-
Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основ:			
дополнителна исправка на вредноста	12	20,366	8,454
ослободена исправка на вредноста	12	(7,540)	(3,391)
Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа:			
дополнителни загуби поради оштетување	13	1,369	1,466
ослободени загуби поради оштетување		-	-
Резервирања			
дополнителни резервирања	38	10,860	6,225
ослободени резервирања	38	(7,341)	(9,389)
Приходи од дивиденди		-	-
Удел во добивката/(загубата) на придружените друштва		-	-
Останати корекции		-	-
Наплатени камати		164,949	217,110
Платени камати		(77,550)	(110,467)
Добивка од дејноста пред промените во деловната актива		**45,864**	**72,160**
(Зголемување)/намалување на деловната актива:			
Средства за тргување		-	-
Дериватни средства чувани за управување со ризик		-	-
Кредити на и побарувања од банки		(167,352)	2,021,266
Кредити на и побарувања од други комитенти		(27,128)	(26,227)
Заложени средства		-	-
Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања		615	-
Задолжителна резерва во странска валута		-	-
Задолжителен депозит кај НБРСМ според посебни прописи		-	-
Останати побарувања		(6,755)	(9,844)
Одложени даночни средства		-	-
Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување		-	-
Зголемување/(намалување) на деловните обврски:			
Обврски за тргување		-	-
Дериватни обврски чувани за управување со ризик		-	-
Депозити на банки		-	-
Депозити на други комитенти		-	-
Останати обврски		1,441	(8,275)
Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување		-	-
Нето паричен тек од основната дејност пред оданочувањето		**(153,315)**	**2,049,080**
(Платен)/повраток на данок на добивка		**(869)**	**(8,820)**
Нето паричен тек од основната дејност		**(154,184)**	**2,040,260**

Извештај за паричниот тек (продолжува)

За годината завршена на 31 декември

Во илјади денари	*Белешка*	2019	2018
Паричен тек од инвестициската дејност			
(Вложувања во хартии од вредност)		-	-
Приливи од продажбата на вложувањата во хартии од вредност		-	-
(Одливи за вложувањата во подружници и придружени друштва)		-	-
Приливи од продажбата на вложувањата во подружници и придружени друштва		-	-
(Набавка на нематеријални средства)		(916)	(424)
Приливи од продажбата на нематеријалните средства		-	40
(Набавка на недвижности и опрема)		(3,766)	-
Приливи од продажбата на недвижностите и опремата		-	-
(Одливи за нетековните средства кои се чуваат за продажба)		-	-
Приливи од нетековните средства кои се чуваат за продажба		-	-
(Останати одливи од инвестициската дејност)		-	-
Останати приливи од инвестициската дејност		-	-
Нето паричен тек од инвестициската дејност		**(4,682)**	**(384)**
Паричен тек од финансирањето			
(Отплата на издадените должнички хартии од вредност)		-	-
Приливи од издадените должнички хартии од вредност		-	-
(Отплата на обврските по кредити)		(2,460,434)	(2,459,840)
Зголемување на обврските по кредити		2,702,051	-
(Отплата на издадените субординирани обврски)		-	-
Приливи од издадените субординирани обврски		-	-
Приливи од издадените акции/сопственички инструменти во текот на периодот		-	-
(Откуп на сопствени акции)		-	-
Продадени сопствени акции		-	-
(Останати одливи од финансирањето)		-	-
Останати приливи од финансирањето		-	-
Нето паричен тек од финансирањето		**241,617**	**(2,459,840)**
Ефект од исправката на вредноста на паричните средства и паричните еквиваленти		(7,189)	-
Ефект од курсните разлики на паричните средства и паричните еквиваленти		-	-
Нето-зголемување/(намалување) на паричните средства и паричните еквиваленти		**75,562**	**(419,964)**
Парични средства и парични еквиваленти на 1 јануари		698,074	1,118,038
Парични средства и парични еквиваленти на 31 декември	18	**773,636**	**698,074**

Финансиските извештаи се одобрени од страна на Надзорниот одбор на Банката на 29 април 2020 година и во нивно име се потпишани од Управниот одбор на Банката на 29 април 2020 година.

Кире Наумов
Главен извршен директор

Фарук Исмаили
Главен оперативен директор

Белешки кон финансиските извештаи

1. Општи информации

Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје (во понатамошниот текст „Банката“ или „РБСМ“) е акционерско друштво во кое Република Северна Македонија е единствен акционер и кое е регистрирано во Република Северна Македонија. Со Одлука на Собранието на акционери на Банката број 02-1664/1 од 2 јули 2019 година извршена е промена на името на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје во Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје.

Адресата на регистрираното седиште на Банката е:
ул: „Димитрие Чуповски“ бр.26
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Основни активности на Банката се кредитирање на отпочнување со работа и развој на мали и средни претпријатија преку обезбедување среднорочни и долгорочни кредити, финансирање на извозот, извозно и домашно кредитно осигурување на побарувања, факторинг како и издавање на гаранции, тргување со хартии од вредност во свое име и за своја сметка. Кредитирањето на претпријатијата се врши преку комерцијалните банки во земјата, прифатени како банки-учеснички од страна на Банката кои го преземаат крајниот ризик од наплата на побарувањата, и директно или заеднички со други банки или небанкарски финансиски институции во земјата, освен кредитите одобрени на единиците на локалната самоуправа.

Банката нема вложувања во подружници и придружни претпријатија.

Акциите на Банката не котираат на Македонската берза за хартии од вредност АД, Скопје. Вкупниот број на вработени на Банката на 31 декември 2019 година изнесува 40 вработени (2018: 41 вработени).

1.1 Основа за изготвување на финансиските извештаи

Изјава за усогласеност

Финансиските извештаи се изготвени во согласност со Законот за трговски друштва, Законот за Македонска банка за поддршка на развојот, подзаконската регулатива пропишана од страна на Народната Банка на Република Северна Македонија, како и Одлуката за методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансисите извештаи и Одлуката за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките.

Финансиските извештаи претставуваат поединечни финансиски извештаи.

Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годините кои завршуваат на 31 декември 2019 и 2018 година.

Основи за мерење

Финансиските извештаи се подготвени со примена на основите за мерење специфицирани во Методологијата за секој поединечен вид на средство, обврска, приход и расход. Основите за нивно мерење се детално опишани во продолжение на оваа Белешка.

Финансиските извештаи се подготвени според историска вредност.

Функционална и известувачка валута

Финансиските извештаи се прикажани во македонски денари („МКД“ или „денари“), кои се функционална валута на Банката, освен каде што не е поинаку наведено. Информациите во финансиските извештаи се прикажани во илјади македонски денари.

1.2 Значајни сметководствени политики

1.2.1 Трансакции во странска валута

Трансакциите во странска валута се искажани во денари со примена на официјалните курсеви на Народна Банка на Република Северна Македонија кои важат на денот на нивното настанување.

Монетарните средства и обврски искажани во странска валута на денот на известувањето се превреднуваат во денари со примена на средниот курс важечки на денот на билансот на состојба. Добивките и загубите од курсните разлики од монетарните средства се разлика помеѓу амортизираната набавна вредност во денари на почеток на периодот, коригирани за ефективната камата и плаќањата во текот на периодот, и амортизираната набавна вредност во странска валута вреднувана според курсот важечки на крајот на периодот.

Сите позитивни и негативни курсни разлики кои произлегуваат од превреднувањето на износите во странска валута, се вклучени во билансот на успех. Средните девизни курсеви кои беа применети за превреднување на позициите на билансот на состојба деноминирани во странска валута, се следните:

	2019 МКД	2018 МКД
1 ЕУР	61.4856	61.4950
1 УСД	54.9518	53.6887

1.2.2 Приходи и расходи од камата

Приходот од камата и расходот од камата се признава во Билансот на успех според методот на ефективна каматна стапка. Ефективната каматна стапка е стапката која ги дисконтира очекуваните идни парични приливи и одливи во текот на очекуваниот век на финансиското средство или обврска до датумот на крајна достасаност или за пократок временски период, доколку е тоа соодветно.

Пресметката на ефективната камата ги вклучува сите надоместоци платени или примени, трансакциските трошоци, дисконти или премии кои се составен дел на ефективната каматна стапка. Трансакциски трошоци се инкрементални трошоци кои директно можат да се припишат на стекнувањето, издавањето или отуѓувањето на финансиското средство или обврска.

Приходите и расходите од камати прикажани во билансот на успех вклучуваат камати од финансиски средства и обврски по амортизирана набавна вредност со користење на методот на ефективна камата.

1.2.3 Провизии и надомести

Приходите и расходите од провизии и од надомести кои се составен дел од ефективната каматна стапка на финансиските средства и обврски се вклучени во пресметката на ефективната каматна стапка.

Останатите приходи од надомести и провизии настануваат по основ на финансиски услуги кои ги извршува Банката односно осигурување на побарувања од комерцијални ризици на краток рок и издавање гаранции по кредити одобрени од банки за кредитирање на мали и средни претпријатија.

Приходите од провизии и надомести се признаваат во моментот на извршување на соодветната услуга, расходите од провизии и надомести се признаваат на пресметковна основа.

1.2.4 Нето-приходи и расходи од курсни разлики

Нето-приходите и расходите од курсни разлики вклучуваат реализирани и нереализирани курсни разлики кои произлегуваат од порамнување на трансакции во странска валута и преведување во МКД на монетарните ставки деноминирани во странска валута.

1.2.5 Данок на добивка

Данокот од добивка се состои од тековен и одложен данок. Данокот од добивка се признава во билансот на успех, освен кога се однесува за ставки коишто се однесени директно во капиталот и соодветниот данок од добивка се признава во капиталот.

Тековниот данок од добивка е очекувана даночна обврска од добивката пред оданочување за годината, применувајќи ја важечката даночна стапка од 10% на денот на билансот на состојба и корекции на даночната обврска која се однесува на претходни години.

Одложениот данок се признава со користење на методот на билансот на состојба, и произлегува од времените разлики помеѓу сметководствената вредност на средствата и обврските за потребите на финансиското известување и вредноста на истите за даночните цели. Одложениот данок се мери со примена на даночните стапки кои се очекува да се применат кога ќе се реализираат времените разлики врз основа на законите кои се усвоени или значајно усвоени на денот на известувањето.

Одложено даночно средство се признава за неискористени даночни загуби, неискористен даночен кредит и одбитни времени разлики до износот за кој е веројатно дека ќе има оданочив приход во иднина наспроти кој средството би се искористило. Одложено даночно средство се проценува на крајот на секој период на известување и се намалува до степенот до кој веќе не е веројатно дека овие даночни приходи ќе се реализираат. Секое вакво намалување треба да се анулира до степенот до кој станува веројатно дека ќе биде расположива доволна оданочива добивка. Непризнаено одложено даночно средство се проценува на крајот на секој период на известување и се признава до степенот до кој е веројатно дека идните даночни приходи на товар на кои може да се искористи тоа средство ќе бидат доволни.

Со состојба на 31 декември 2019 и 2018 година, Банката нема евидентирано одложени даночни средства или обврски, бидејќи не постојат временски разлики на овие датуми.

1.2.6 Финансиски средства

Банката ги класифицира своите финансиски средства како мерени по: амортизирана набавна вредност, објективна вредност преку останата сеопфатна добивка или објективна вредност преку билансот на успех. Банката ги класифицира своите вложувања во моментот на иницијалното признавање.

Банката го оценува деловниот модел преку следните релевантни и расположливи податоци за:

- финансиските средства и начинот на нивно управување;
- начинот на известување до раководството на Банката;
- успешноста во остварувањето на деловниот модел;
- управувањето со ризиците поврзани со остварувањето на деловниот модел.

Оценката на деловниот модел на Банката се врши на ниво на портфолио од каде зависи класификацијата на финансиските средства. Класификацијата на финансиските средства се врши врз основ на:

- портфолио на должнички хартии од вредност;
- кредитно портфолио;
- портфолио на побарувања.

1.2.7 Парични средства и парични еквиваленти

Паричните средства и паричните еквиваленти ги сочинуваат паричните средства во благајна, депозитите по видување кај банките, орочените депозити кај банки со оригинален рок на достасаност помал од три месеци, депозитите во Народна банка на Република Северна Македонија, како и високоликвидните хартии од вредност со оргинален рок на достасаност од три или помал од три месеци, кои се предмет на незначителен ризик од промена во нивната објективна вредност, и кои се користат од Банката во управување со краткорочните обврски.

Паричните средства и паричните еквиваленти се евидентираат по амортизирана набавна вредност во Билансот на состојба.

1.2.8 Кредити и побарувања

Кредитите и побарувањата се не-деривативни финансиски средства кои го исполнуваат условот на СППИ.

Кредитите и побарувањата почетно се признаваат по објективна вредност вклучувајќи ги и директните трансакциски трошоци, а последователно се мерат по амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка. Доколку кредитите и побарувањата не го поминат СППИ тестот истите последователно треба да се мерат по објективна вредност, а промените да се евидентираат во останата сеопфатна добивка.

1.2.9 Финансиски средства кои се чуваат до достасување

Финансиски средства кои се чуваат до достасување се должнички финансиски средства кои ги управува Банката со цел наплата на договорните парични текови и кои согласно договорните услови на средството го исполнуваат условот на СППИ (банката очекува парични текови на одредени датуми „единствено врз основа на отплата на главница и камата"). Во оваа позиција не припаѓаат финансиските средства:

- кои Банката при почетното признавање ги определила по објективна вредност преку билансот на успех;
- кои Банката ги класифицира како расположливи за продажба;
- кои ја исполнуваат дефиницијата за кредити и побарувања.

Вложувањата чувани до достасување се проценуваат по амортизирана набавна вредност, со употреба на методот на ефективна каматна стапка. Продажбата на значителен износ на финансиски средства чувани до достасување далеку од нивниот период на достасување ќе предизвика рекласификација на сите финансиски средства чувани до достасување како средства расположливи за продажба во тековната и следните две години.

1.2.10 Оштетување на финансиските средства

На секој датум на билансирање, Банката проценува дали постои објективен доказ за оштетување на финансиското средство. Финансиското средство или група на финансиски средства се оштетени само доколку постои објективен доказ за оштетување како резултат на еден или повеќе настани што се појавиле по првичното признавање на средствата („случај на загуба“) и дека тој случај на загуба (или случаи) влијае на предвидениот иден готовински тек на финансиското средство или група финансиски средства кои можат веродостојно да се проценат.

Критериумите што Банката ги користи при утврдување на постоењето објективен доказ за загуба од оштетување, вклучуваат:

- Непочитување на договорните обврски за плаќање на главнината или каматата;
- Денови на доцнење при плаќање на главнината или каматата;
- Потешкотии со паричните текови кај позајмувачот;
- Неисполнување на договорите или условите за кредитирање;
- Влошување на конкурентната позиција на позајмувачот;
- Намалување на вредноста на дадените гаранции - колатерал;
- Отпочнување на стечајни постапки;
- Активирање на обезбедувањето.

Банката врши проценка на постоењето на објективен доказ за оштетување на поединечна основа за сите изложености.

Износот на загубата претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови (исклучувајќи ги идните загуби по основ на кредитот) дисконтирани со примена на изворната ефективна каматна стапка на финансиското средство. Евидентираниот износ на средството се намалува преку употребата на сметка за резервирање поради оштетување, со истовремено признавање на соодветниот расход поради оштетување во тековниот Биланс на успех.

Во случај на ненаплатливост на кредитот, истиот се отпишува наспроти соодветното резервирање поради оштетување. Таквите кредити се отпишуваат откако ќе се завршат сите неопходни процедури и ќе се утврди износот на загубата. Последователните надоместувања на претходно отпишаните износи го намалуваат износот на резервирањето поради оштетување на кредитите, во корист на тековните добивки.

1.2.11 Недвижности и опрема

Недвижностите и опремата се материјални вложувања за административни цели од кои се очекува да имаат корисен век подолг од една година.

Недвижностите и опремата се евидентирани по набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и загуби поради оштетување, доколку има.

Набавната вредност ги вклучува трошоците кои што се директно поврзани со стекнувањето на средството. Набавениот софтвер кој е неопходен за функционирање на соодветната опрема се признава како дел од таа опрема.

Издатоците направени за замена на дел од недвижностите и опремата се додаваат на сметководствената вредност на средството кога е веројатно дека ќе има идни економски користи за Банката и трошоците на истиот може да се измерат веродостојно. Сегашната вредност на заменетиот дел се отпишува. Трошоците на секојдневното одржување на недвижностите и опремата се признаваат во билансот на успех како трошоци како што настануваат.

Амортизацијата на недвижностите и опремата се пресметува по пропорционална метода на начин да се отпише набавната вредност на средствата во текот на нивниот проценет корисен век на употреба.

Во продолжение е даден проценетиот век на употреба на некои позначајни ставки на материјалните средства.

Згради	40 години
Мебел и опрема	4-5 години
Останати средства	4-10 години

1.2.12 Нематеријални средства

Нематеријалните средства набавени од Банката се искажани според набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и акумулираните загуби поради оштетување.

Последователните издатоци се капитализираат само кога ја зголемуваат идната економска полезност вклучена во специфичното средство на кое се однесуваат. Сите останати издатоци се признаваат во билансот на успех како трошоци како што настануваат.

Амортизацијата се признава по пропорционална метода на начин да се отпише набавната вредност на средствата во текот на нивниот проценет корисен век на употреба во текот на период од четири години.

1.2.13 Оштетување на нефинансиските средства

Сметководствената вредност на нефинансиски средства на Банката се разгледуваат на секој датум на изготвување на билансот на состојба со цел да се определи дали постојат објективни докази за оштетување. Ако постои таква индикација, се проценува износот на средството кој би бил наплатлив.

Загубата поради оштетување на нефинансиски средства се признава доколку сметководствената вредност на дадено средство или неговата единица која генерира пари го надминува неговиот надоместлив износ. Единицата која генерира пари е најмала група на средства која може да се идентификува како таква која генерира парични приливи од континуирана употреба коишто во голем степен се зависни од парични приливи од други средства или групи на средства. Загубите заради оштетување се признават во билансот на успех. Загубите заради оштетување признаени во однос на единиците кои генерираат пари се распределуваат на единиците (група на единици) на пропорционална основа.

Надоместувачкиот износ на дадено средство или единицата која генерира пари претставува повисокиот износ од неговата објективна вредност намалена за трошоците за продажба на средството и неговата употребна вредност. При проценката на употребната вредност, проценетите идни парични текови се дисконтираат до нивната сегашна вредност со употреба на дисконтна стапка пред оданочување која ги одразува тековните пазарни проценки на временската вредност на парите и ризиците специфични за средството.

Загубата поради оштетување признаена во минатите периоди се проценува на секоја дата на известување заради утврдување на надоместувачкиот износ. Загубата поради оштетување се анулира само со износот до кој сметководствената вредност на средството не ја надминува сметководствената вредност која би била определена, нето од амортизацијата, кога не би била признаена загуба поради оштетување. Зголемената сметководствена вредност на дадено средство, како резултат на анулирање на загуба поради оштетување, не треба да ја надмине сметководствената вредност која би била определена кога не би била признаена загуба поради оштетување на средството во претходните години.

1.2.14 Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања

Позицијата преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања се употребува само за земјиште, згради, опрема и други вредности добиени врз основа на ненаплатени побарувања. Средството се смета за преземено во моментот кога Банката стекнува правна основа за запишување на сопственоста.
Преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања првично се признаваат по пониската од:

- Набавната вредност, којашто е вредноста наведена во актот донесен од страна на надлежен орган, и
- Проценетата вредност на преземеното средство важечка на датумот на признавање, намалена за очекуваните трошоци за продажба.

На датумот на преземање на средството, Банката во билансот на состојба прикажува оштетување од најмалку 20% од почетната сметководствена вредност на преземеното средство.

Најмалку еднаш во период од дванаесет месеци, Банката ја утврдува проценетата вредност на преземеното средство и во билансот на успех признава загуба за оштетување еднаква најмалку на поголемиот износ од:
- негативната разлика помеѓу проценетата вредност и нето-вредноста на преземеното средство и
- 20% од нето-вредноста на преземеното средство.

1.2.15 Резервирања

Резервирањата се признаваат во билансот на состојба кога Банката како резултат на минат настан има сегашна законска или изведена обврска која може веродостојно да се измери и е веројатно дека ќе има одлив од Банката за подмирување на обврската. Оваа позиција ги вклучува долгорочните резервирања и другите долгорочни обврски кои не се поврзани со одложени даноци од добивки или произлегуваат од позајмици или други финансиски активности. Видови на ставки најчесто вклучени во оваа категорија се пресметки и резервации за вонбилансни кредитни изложености.

Резервирање за неповолни договори се признава кога очекуваните користи од договорот за Банката се помали од неизбежните трошоци за исполнување на обврските според договорот.

- го разгледува и усвојува извештајот на друштвото за ревизија и писменото мислење по истиот изготвено од страна на Надзорниот одбор;
- ја усвојува годишната сметка и финансиските извештаи на Банката;
- одлучува за употреба и распоредување на остварената добивка, или за покривање на загубите;
- одлучува за нова емисија на акции на Банката;
- одлучува за статусни промени на Банката;
- избира друштво за ревизија и одлучува по предлогот за раскинување на договорот со друштвото за ревизија и;
- одлучува и за други прашања од значење за работењето на Банката предвидени со статутот на Банката.

Собранието на Банката работи на седници кои се одржуваат по потреба, а најмалку еднаш годишно. Годишното Собрание на Банката задолжително се одржува пред истекот на шест месеци од календарската година за претходната година. Собранието на Банката во извештајната 2019 година одржа 3 (три) редовни седници.

На седницата одржана на ден 30.05.2019 година, Собранието на Банката ги разгледа/усвои следните акти:

- Одлука за усвојување на годишната сметка на банката за 2018 година;
- Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка за 2018 година;

- Годишниот извештај за работење на Банката во 2018 година;
- Годишниот извештај за работа на Надзорниот одбор на Банкта во 2018 година, со оценка на сопствената работа од аспект на поединечни членови и колективно;
- Извештајот на ревизорската куќа Грант Торнтон ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на Банката за годината која завршува на 31.12.2018 година и писменото мислење по однос на истиот изготвено од Надзорниот одбор на Банката;
- Одлука за одобрување на Одлуката на Управниот одбор за утврдување на висината на бодот за пресметување на бруто плата на вработените во Банката.

На седницата одржана на ден 2.7.2019 година, Собранието на Банката ги разгледа/усвои следните акти:

- Одлука за измена и дополнување на Статутот на Банката;
- Одлука за промена на името на Банката.

На седницата одржана на ден 24.9.2019 година, Собранието на Банката го разгледа/усвои следниот акт:

- Одлука за избор на друштво за ревизија кое ќе изврши ревизија на финансиските извештаи и работењето на Банката за годините кои завршуваат на 31.12.2019 година и на 31.12.2020 година.

1.2. Надзорен одбор

Согласно Законот за Македонска банка за поддршка на развојот (Сл. Весник на РМ бр. 105/2009), Надзорниот одбор на Банката го сочинуваат 5 (пет) членови.

Владата на Република Северна Македонија ги именува членовите на Надзорниот одбор и тоа тројца на предлог на Министерот за финансии, еден на предлог на Потпретседателот на Владата задолжен за економски прашања и еден на предлог на Министерот за економија. Владата на Република Северна Македонија ги именува членовите на Надзорниот одбор по претходно добиена согласност од страна на Гувернерот на НБРСМ. Владата на Република Северна Македонија ги разрешува членовите на Надзорниот одбор.

Членовите на Надзорниот одбор се и претставници на државниот капитал во Собранието на Банката.

Надзорниот одбор во Банката до 17.7.2019 година, а согласно решението на Владата на Република Македонија за именување на членови на Надзорниот одбор на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје бр. 24 – 4133/1 од 25.7.2017 година, заведено во РБСМ на ден 1.8.2017 година под бр. 03 – 2072/1 и решението бр. 24 – 2719/1 од 27.2.2018 година, како и решенијата од Гувернерот на НБРСМ за издадена согласност за именување на членови на Надзорниот одбор на РБСМ АД Скопје бр. 15 – 35225/2 од 15.11.2017 година, 15 – 35226/2 од 15.11.2017 година, 15 – 35227/2 од 15.11.2017 година, 535/1 од 5.1.2018 година и 15 – 11938/9 од 17.5.2018 година, работеше во следниот состав:

- **Софче Јовановска** – претседател,
- **Никола Поповски** – член,
- **Вељанд Рамадани** – член,
- **Кирил Колемишевски** – член,
- **Бурим Кадриу** – член.

На 17.7.2019 година, Владата на Република Северна Македонија донесе решение со кое Кирил Колемишевски се разрешува од должноста член на Надзорниот одбор на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје.

На 24.7.2019 година, Владата на Република Северна Македонија донесе решение со кое Соња Петрушева се именува за член на Надзорниот одбор на банката. Гувернерот на НБРСМ со решение број 15 – 25768/6 од 12.9.2019 година издаде согласност Соња Петрушева да биде именувана за член на Надзорниот одбор на Банката за период од 4 (четири) години.

Согласно извршената измена Надзорниот одбор на Банката од 13.9.2019 година работеше во следниот состав:

- **Софче Јовановска** – претседател,
- **Никола Поповски** – член,
- **Вељанд Рамадани** – член,
- **Бурим Кадриу** – член.
- **Соња Петрушева** – член

Во текот на 2019 година, Надзорниот одбор одржа вкупно 17 (седумнаесет) седници.

Членовите на Надзорниот одбор ги именува Владата на Република Северна Македонија и истите согласно Законот за РБСМ истовремено се и претставници на државниот капитал во Собранието на Банката.

Надзорниот одбор врши надзор на работењето на Управниот одбор, ги усвојува политиките за вршење на финансиските активности и го надгледува нивното спроведување. Надзорниот одбор е одговорен да обезбеди добро работење, управување и стабилност на Банката, како и навремено и точно финансиско известување на НБРСМ. Надзорниот одбор на Банката ги врши и следниве работи:

- ја усвојува деловната политика и развојниот план на Банката;
- именува и разрешува членови на Управниот одбор на Банката;
- именува и разрешува членови на Одборот за управување со ризици;
- именува и разрешува членови на Одборот за ревизија;
- го усвојува финансискиот план на Банката;
- организира Служба за внатрешна ревизија;
- го одобрува годишниот план на Службата за внатрешна ревизија;
- ја усвојува политиката за сигурност на информативниот систем;
- ги усвојува политиките за управување со ризици на Банката;
- усвојува политика за избегнување судир на интересите со која се идентификуваат можните судири на интереси и мерките и активностите за нивно спречување;
- усвојува политика за наградување, во согласност со деловната политика, развојниот план, финансискиот план и политиката за избегнување судир на интересите на Банката;
- донесува и спроведува политика за начинот на избор, следење на работењето и на разрешување на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор;
- ги разгледува извештаите за работењето на Управниот одбор на Банката;
- ги разгледува извештаите на Одборот за управување со ризици;
- ги разгледува извештаите на Одборот за ревизија;
- ги разгледува извештаите на Службата за внатрешна ревизија;

- ги разгледува извештаите на лицето/Службата за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите;
- ја одобрува годишната сметка и финансиските извештаи на Банката;
- одобрува изложеност спрема лице од над 20% од сопствените средства на Банката, со исклучок на изложеност врз основа на купување на хартии од вредност издадени од НБРСМ;
- одобрува трансакции со поврзани лица со Банката во износ од над 6.000.000 денари;
- го одобрува стекнувањето на капитални делови и купувањето на хартии од вредност, поголеми од 5% од сопствените средства на Банката, освен купување на хартии од вредност издадени од НБРСМ;
- го одобрува предлогот на Одборот за ревизија за назначување на друштво за ревизија или предлогот за раскинување на договорот со друштвото за ревизија и е одговорен за обезбедување на соодветна ревизија;
- ја усвојува политиката за вршење на внатрешна ревизија;
- ги разгледува извештаите на супервизијата, други извештаи доставени од Народната банка, Управата за јавни приходи и други надлежни институции и предлага, односно презема мерки и активности за надминување на утврдените неусогласености и слабости во работењето на Банката;
- го одобрува годишниот извештај за работењето на Банката и доставува писмено мислење по истиот до Собранието на Банката;
- го разгледува извештајот на Друштвото за ревизија и доставува писмено мислење по истиот до Собранието на акционери;
- го усвојува кодексот за корпоративно управување со кој се уредуваат правилата за управување и за надзор на Банката;
- го усвојува етичкиот кодекс на Банката;
- дава согласност за склучување на договори за реосигурување во рамките на вкупните обврски на Банката по основ на работите на осигурување;
- ги утврдува општите услови за кредитно осигурување од комерцијални и политички ризици;
- дава согласност за договори со Република Северна Македонија;

- дава согласност за службени патувања надвор од државата, доколку патуваат повеќе од тројца вработени;
- го усвојува извештајот за попис на средства и на изворите на средствата;
- одлучува за отпис на побарувања;
- ги разгледува извештаите за реструктуирани побарувања и за побарувања за кои е извршено продолжување на рокот на достасување;
- го следи извршувањето на одлуките, заклучоците и насоките донесени од Собранието на Банката;
- одлучува во втор степен по жалба на незадоволни работници против одлука на Управниот одбор на Банката или по приговор за преиспитување на Одлуката;
- ги одобрува лимитите на изложеност на поодделни видови на ризици;
- одобрува воведување на нови производи кои имаат значајно влијание врз профилот на ризичност на Банката;
- ја одобрува политиката за објавување на извештаи и податоци од страна на Банката;
- најмалку еднаш годишно врши оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно и за тоа го известува Собранието на Банката;
- врши и други работи во согласност со овој Статут, општите акти на Банката и законските и подзаконските прописи.

Со Одлука донесена од страна на Собранието на РБСМ, на членовите на Надзорниот одбор им е утврден месечен надомест за работа во Надзорниот одбор на Банката.

Во рамките на со закон утврдените надлежности, Надзорниот одбор презема голем број на активности и донесе повеќе акти поврзани со редовното работење на Банката.

Меѓу позначајните акти се издвојуваат:

- Одлука за одобрување на неревидираните финансиски извештаи на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, изготвени согласно Законот за трговски друштва и регулативата на НБРСМ, за годината завршена на 31.12.2018 година;

- Одлука за одобрување на Планот и програмата за работа на Службата за внатрешна ревизија за 2019 година;
- Одлука за одобрување на годишен план за ИТ ревизија за 2019 година;
- Одлука за одобрување на годишна сметка за 2018 година;
- Предлог Одлука за употреба и распоредување на остварената добивка за 2018 година;
- Одлука за одобрување на лимит на изложеност кон банки – учеснички;
- Одлука за измена на името на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје;
- Одлука за измена на Статутот на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје;
- Одлука за одобрување на Годишен извештај за работењето на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје во 2018 година;
- Одлука за избор на член на Одборот за ревизија на МБПР;
- Одлука за одобрување на ревидираните финансиски извештаи на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје за годината која завршува со 31.12.2018 година со писмено мислење кон истиот;
- Одлука за усвојување на измените на Финансискиот план на Банката број 02 – 3250/1 од 25.12.2018 година;
- Одлука за утврдување на пречистен текст на Статутот на Банката;
- Одлука за именување на член на Управен одбор на РБСМ АД Скопје – Главен извршен директор;
- Одлука за одобрување на предлог на Одборот за ревизија за назначување на друштво за ревизија кое ќе изврши ревизија на финансиските извештаи на Банката за годините кои завршуваат на 31.12.2019 година и 31.12.2020 година;
- Одлука за избор на лого на Банката;
- Одлука за именување на член на Управен одбор на РБСМ АД Скопје – Главен оперативен директор;
- Одлука за измена на Кредитната политика на Банката;
- Каталог за прифатливи инструменти за обезбедување;
- Одлука за склучување на договор за реосигурување за 2020 година.

Надзорниот одбор ги одобри т.е усвои извештаите, информациите и другите предложени материјали за работењето на Банката во 2019 година.

1.3. Одбор за ревизија

Одборот за ревизија се состои од 5 (пет) члена. Членовите на Одборот за ревизија ги именува и разрешува Надзорниот одбор. Тројца членови на Одборот за ревизија се избираат од редот на членовите на Надзорниот одбор, а двајца се независни членови. Најмалку еден член на Одборот за ревизија треба да биде овластен ревизор. Членовите на Одоборот за ревизија од своите редови избираат претседател кој е одговорен за организацијата на работата на одборот за ревизија.

Одборот за ревизија на РБСМ, во првата половина на 2019 година работеше во следниот состав:

- **Никола Поповски** – претседател,
- **Климентина Попоска** – член,
- **Софче Јовановска** – член,
- **Вељанд Рамадани** – член.

Со Одлука на Надзорниот одбор број 02 – 1109/9 од 23.4.2019 година, **Ленин Прцуловски** е именуван за член на Одборот за ревизија.

Одборот за ревизија ги врши следните работи:

- ги разгледува финансиските извештаи на Банката и се грижи за точноста и транспарентноста на објавените финансиски информации за работењето на Банката во согласност со прописите за сметководство и меѓународни сметководствени стандарди;
- ги разгледува и оценува системите за внатрешна контрола;
- ја следи работата и ја оценува ефикасноста на Службата за внатрешна ревизија;
- го следи процесот на ревизија на Банката и ја оценува работата на друштвото за ревизија;
- ги донесува сметководствените политики на Банката;
- ја следи усогласеноста на работењето на Банката со прописите што се однесуваат на сметководствените стандарди и финансиските извештаи;
- одржува состаноци со Управниот одбор, Службата за внатрешна ревизија и друштвото за ревизија во врска со утврдените неусогласености со прописите и слабостите во работењето на Банката;
- ги разгледува извештаите на одборот за управување со ризици;

- предлага назначување на друштво за ревизија и раскинување на склучен договор со друштво за ревизија и
- најмалку еднаш во три месеци го известува Надзорниот одбор на Банката за својата работа.

Во текот на 2019 година, на седниците на Одборот за ревизија беа разгледувани финансиските извештаи на Банката и се утврдуваше објективноста на објавените финансиски информации за работењето на Банката, како и нивната усогласеност со прописите за сметководство и меѓународните сметководствени стандарди.

Одборот за ревизија ја следеше работата на Службата за внатрешна ревизија и ја оценуваше работата на друштвото за ревизија, кое како независен ревизор изврши ревизија на финансиските извештаи на Банката за деловната 2019 година.

На седниците на Одборот за ревизија беа разгледувани извештаите за ризичниот профил на Банката, анализирајќи го одвоено секој ризик на кој е изложена Банката во текот на своето работење.

1.4. Управен одбор

Управниот одбор на Банката се состои од 2 (два) члена, именувани од страна на Надзорниот одбор на Банката, а врз основа на претходно издадената согласност од Гувернерот на НБРСМ.

Членовите на Управниот одбор се именуваат како: Главен извршен директор и Главен оперативен директор.

Бесим Билали ја извршуваше функцијата член на Управниот одбор - Главен оперативен директор до истекот на мандатот односно до 12.2.2019 година, а **Драган Мартиновски** ја извршуваше функцијата член на Управниот одбор - Главен извршен директор до истекот на мандатот односно до 14.5.2019 година.

По истекот на мандатот на Главниот оперативен директор Бесим Билали, со Одлука на Надзорен одбор бр. 02 – 454/3 од 13.2.2019 година, за вршител на должност Главен оперативен директор на Банката беше именуван **Вељанд Рамадани,** член на Надзорниот одбор на Банката.

По истекот на мандатот на Главниот извршен директор Драган Мартиновски, со Одлука на Надзорен одбор бр. 02 – 1268/1 од 15.5.2019 година, за вршител на должност Главен извршен директор на Банката беше именуван **Кирил Колемишевски**, член на Надзорниот одбор на Банката.

Со решение бр. 24 – 5531/1 од 17.7.2019 година заведено во Банката со бр. 03 – 1860/1 од 23.7.2019 година, Кирил Колемишевски се разреши од должноста член на Надзорниот одбор и следствено на тоа и од должноста член на Управниот одбор на Банката.

Со Одлука на Надзорниот одбор бр. 02 – 2043/8 од 13.8.2019 година, на местото вршител на должност Главен извршен директор се именуваше **Никола Поповски,** член на Надзорниот одбор на Банката.

Со Одлуката на Надзорниот одбор бр. 02 – 2254/1 од 16.9.2019 година, за член на Управен одбор – Главен извршен директор на Банката се именуваше **Кире Наумов**. Главниот извршен директор е именуван со мандат од 6 (шест) години. Гувернерот на НБРСМ со решение број 15 – 30669/12 од 20.11.2019 година, издаде согласност за именување на Кире Наумов за член на Управниот одбор – Главен извршен директор. Согласноста за именување се издава за период од две години.

Со Одлуката на Надзорниот одбор на Банката број 02 – 2516/2 од 10.10.2019 година, за член на Управен одбор – Главен оперативен директор на Банката се именуваше **Фарук Исмаили**. Главниот оперативен директор е именуван со мандат од 6 (шест) години. Гувернерот на НБРСМ со решение број 15 – 32455/7 од 06.12.2019 година, издаде согласност за именување на Фарук Исмаили за член на Управниот одбор – Главен оперативен директор. Согласноста за именување се издава за период од две години.

Согласно погоре наведените промени, Управниот одбор на Банката продолжи да работи во состав:

- **Кире Наумов** – Главен извршен директор
- **Фарук Исмаили** – Главен оперативен директор

Управниот одбор ги врши следните работи:

- управува со Банката;
- ја застапува Банката;

- ги извршува одлуките на Собранието и на Надзорниот одбор на Банката, односно се грижи за нивно спроведување;
- покренува иницијативи и дава предлози за унапредување на работењето на Банката;
- ги именува и разрешува лицата со посебни права и одговорности, во согласност со одредбите од Законот за МБПР и Статутот на Банката;
- изготвува деловна политика и развоен план на Банката;
- изготвува финансиски план на Банката;
- изготвува политика за сигурност на информативниот систем;
- изготвува годишен извештај за работењето на Банката и го доставува до Надзорниот одбор;
- изготвува етички кодекс;
- одлучува за пласман на средствата од кредитното осигурување од комерцијални и политички ризици;
- одлучува за давање и земање кредити за ликвидност независно од износот и рокот во рамките на лимитите утврдени со Законот за банките и актите на Банката;
- ја утврдува внатрешната организација и систематизацијата на работи и работни задачи во Банката и одлучува за засновање на работниот однос, унапредување во службата, прераспоредување, стручно усовршување, одредување на плата и надоместоци на плата, наградување за особено ангажирање во работа, за изрекување на дисциплински мерки, за материјална одговорност на работниците и за престанок на работен однос;
- врши и други работи кои не се во надлежност на НО на Банката.

Управниот одбор во рамките на своите со закон и статут утврдени надлежности ги донесе сите потребни интерни акти со кои се обезбедуваат услови за работење на Банката во согласност со законските и подзаконските акти. За своите тековни активности Управниот одбор доставуваше извештаи за својата работа до Надзорниот одбор на Банката.

Со одлука на Надзорниот одбор на Банката донесена на ден 22.12.2016 година извршена е поделба на надлежностите на членовите на Управниот одбор по одделни сегменти на работењето на Банката и тоа:

- Главен извршен директор е надлежен за деловната политика и планирање, финансиските извештаи на Банката и човечките ресурси, кредитирање и кредитно осигурување, општите и правни работи, кабинетот на Управниот одбор, финансиското и сметководствено работење;
- Главен оперативен директор е надлежен за управување со ризици, информатичката технологија, усогласеност со прописите, спречување на перење пари и финансирање на тероризам, сигурност на информативниот систем, трезорско работење, ликвидност, платен промет во земјата и странство.

1.5. Одбор за управување со ризици

Одборот за управување со ризици се состои од 3 (три) члена. Членовите на Одборот за управување со ризици се избираат од редот на лицата со посебни права и одговорности во Банката, а пред сè од редот на раководните лица од организациските единици за средства и ликвидност, кредитно осигурување и кредитирање. Членовите на Одборот за управување со ризици покрај условите за именување на лица со посебни права и одговорности задожително треба да имаат искуство во областа на финансиите или банкарството од најмалку три години да имаат познавање за работењето на Банката, нејзините производи и услуги и да имаат познавање за ризиците на кои е изложена Банката. Надзорниот одбор ги именува и ги разрешува членовите на Одборот за управување со ризици, освен Главниот оперативен директор кој согласно Статутот на Банката како член на Управниот одбор по функција е член и претседател на Одборот за управување со ризици.

Во текот на 2019 година Одборот за управување со ризици работеше во следниот состав:

- **Бесим Билали** (до 12.2.2019 година); **Вељанд Рамадани** (од 13.2.2019 до 6.12.2019 година), **Фарук Исмаили** (од 07.12.2019 година) – претседател
- **Александар Станојковски** – член
- **Ќенан Идризи** – член

Одборот за управување со ризици ги врши следните работи:

- перманентно го следи и оценува степенот на ризичност на Банката и го утврдува прифатливото ниво на изложеност на ризици со цел минимизирање на загубите од изложеност на Банката на ризик;
- воспоставува политики за управување со ризици и ја следи нивната примена;
- ги следи прописите на НБРСМ кои се однесуваат на управување со ризици и усогласеноста на Банката со овие прописи;
- врши оценка на системите на управување со ризиците во Банката;
- утврдува краткорочни и долгорочни стратегии за управување со одделни видови ризици за кои е изложена Банката;
- ги анализира извештаите за изложеност на Банката на ризик изработени од службите во Банката кои вршат оценка на ризиците и предлага стратегии, мерки и инструменти за заштита од ризици;
- ја следи ефикасноста на функционирањето на системите на внатрешна контрола во управувањето со ризици;
- ги анализира ефектите од управувањето со ризиците врз перформансите на Банката;
- ги анализира ефектите од предложените стратегии за управување со ризици, како и предложените стратегии, мерки и инструменти за заштита од ризици;
- врши оценка на усогласеноста на цените на производите и услугите што ги нуди Банката со нивото на преземен ризик, во согласност со деловната политика и развојниот план на Банката;
- квартално го известува Надзорниот одбор за промените во ризичните позиции на Банката, промените во стратегијата за управување со ризици, ефектите од управувањето со ризиците врз перформансите на Банката, како и преземените мерки и инструменти за заштита од ризиците и ефектите од истите;
- одобрува изложеност спрема лице од над 10% до 20% од сопствените средства на Банката.

Одборот за управување со ризици најмалку еднаш годишно врши оценка на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно и истата ја доставува до Надзорниот одбор на Банката. Одборот за управување со ризици

во текот на 2019 година одлучуваше на седници кои се одржуваа најмалку еднаш неделно и согласно Законот за банки, доставуваше извештаи за својата работа до Надзорниот одбор на Банката.

1.6. Кредитен одбор

Кредитниот одбор е составен од 3 (три) члена од кои членовите на Управниот одбор се членови на одборот согласно Статутот на Банката, додека третиот член го именува и разрешува Надзорниот одбор на Банката. Кредитниот одбор на Банката во 2019 година работеше во следниот состав:

- **Драган Мартиновски** (до 14.5.2019 година); **Кирил Колемишевски** (од 5.5.2019 до 17.7.2019 година); **Никола Поповски** (од 14.8.2019 до 20.11.2019 година); **Кире Наумов** (од 21.11.2019 година) – претседател;
- **Бесим Билали** (до 12.2.2019 година); **Вељанд Рамадани** (од 13.2.2019 до 6.12.2019 година); **Фарук Исмаили** (од 7.12.2019 година) – член
- **Тони Петроски** – член

Кредитниот одбор ги има следните задачи и надлежности:

- одлучува за пласманите и кредитните задолжувања, гаранции и други изложености спрема еден заемобарател до 10 % од сопствените средства;
- разгледува и одобрува кредити, во рамките на кредитната политика, статутот, како и во согласност со начелата на банкарското работење утврдени со Законот за МБПР;
- управува со постоечките кредити со давање на тековни проценки, најмалку еднаш годишно, за кредитоспособноста на кредитобарателот;
- раскинува договор за постоечки кредит поради опасност од неплаќање на кредитните обврски и доколку е можно барање на додатно обезбедување ако се заканува штета;
- донесува деловник за работа;
- врши други работи од кредитната политика утврдени согласно Законот за МБПР, Законот за банките и Статутот на Банката.

Во текот на 2019 година, Кредитниот одбор одлучуваше на седници на кои беа разгледувани и одобрувани кредитни барања и барања за факторинг доставени од страна на банките – учеснички во кредитните програми на РБСМ и осигурениците.

Согласно Одлуката на Надзорниот одбор на Банката за склучување на Договор со Република Македонија за пренесување на надлежноста за управување и располагање со средствата од Компензационите фондови од странска помош и Компензационите фондови од друга странска помош, Надзорниот одбор на Банката го овласти Кредитниот одбор да одлучува по основ на поднесени кредитни барања за користење на средства од компензационите фондови од странска помош и компензационите фондови од друга странска помош, чија вредност е над 150.000 ЕУР во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на одобрувањето.

Погоре наведените лица, односно лицата со посебни права и одговорности во Банката не пријавија судир на интереси ниту поврзаност со трети лица согласно Законот за банки.

1.7. Одбор за осигурување

Одборот за осигурување е составен од 3 (три) члена. Согласно Статутот на Банката, членовите на Управниот одбор се членови и на Одборот за осигурување, додека третиот член го именува и разрешува Надзорниот одбор на Банката. Одборот за осигурување во 2019 година работеше во следниот состав:

- **Драган Мартиновски** (до 14.5.2019 година); **Кирил Колемишевски** (од 5.5.2019 до 17.7.2019 година); **Никола Поповски** (од 14.8.2019 до 20.11.2019 година); **Кире Наумов** (од 21.11.2019 година) – претседател;
- **Бесим Билали** (до 12.2.2019 година); **Вељанд Рамадани** (од 13.2.2019 до 6.12.2019 година); **Фарук Исмаили** (од 7.12.2019 година) – член
- **Тони Петроски** – член

Одборот за осигурување ги има следните задачи и надлежности:

- ги утврдува посебните услови за кредитно осигурување од комерцијални и политички ризици вклучително и лимитите за осигурување;
- разгледува и одобрува склучување на договори за осигурување;
- ги испитува ризиците во рамките на осигурувањето;
- управување со полиси за осигурување со давање на тековни проценки, најмалку еднаш годишно за осигурителниот ризик.

Во текот на 2019 година, Одборот за осигурување одлучуваше на седници на кои беа разгледувани и одобрувани лимити за осигурување. Одборот за осигурување, без одржување на состанок, а во согласност со Деловникот за работа на Одборот за осигурување, разгледуваше предлози за одобрување/утврдување на лимити и одлучуваше по истите.

Погоре наведените лица, односно лицата со посебни права и одговорности во Банката не пријавија судир на интереси ниту поврзаност со трети лица согласно Законот за банки.

2. Информации за членства во други органи на надзор и/или управување на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризиците, Одборот за ревизија и Управниот одбор

Во 2019 година податоците за членства во други органи на надзор и/или управување на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризиците, Одборот за ревизија и Управниот одбор се дадени во следната табела:

Софче Јовановска	Претседател на Надзорен одбор Член на Одбор за ревизија
мандат	16.11.2017 –16.11.2021
назив на работодавач	Влада на Република Северна Македонија
годишни примања во бруто износ	2.888.688,00
членство во други органи на надзор	Надзорен одбор на КИБС
членство во други органи на управување	

Никола Поповски	Член на на Надзорен одбор Претседател на Одбор за ревизија
мандат	16.11.2017 –16.11.2021
назив на работодавач	ФОН Универзитет Факултет за економски науки
годишни примања во бруто износ	686.128,00 денари
членство во други органи на надзор	/
членство во други органи на управување	/

Вељанд Рамадани	Член на Надзорен одбор Член на Одбор за ревизија
мандат	16.11.2017 –16.11.2021
назив на работодавач	Универзитет на Југоисточна Европа, Факултет за бизнис и економија
годишни примања	Месечна плата 70.225,00 денари Хонорар 2030 евра годишно
членство во други органи на надзор	
членство во други органи на управување	

Кирил Колемишевски	Член на на Надзорен одбор
мандат	15.01.2018 –17.07.2019
назив на работодавач	Адвокатско друштво „Колемишевски и партнери“
годишни примања /плата	Нето плата 30.000,00 денари Месечен надомест како член на НО во износ од 8.000,00 денари (до 31.08.2019 година)
членство во други органи на надзор	Аутомакедонија АД Скопје – Надзорен одбор Месечен надомест од 8.000,00 денари
членство во други органи на	/

управување	

Бурим Кадриу	Член на на Надзорен одбор
мандат	21.05.2018 –21.05.2022
назив на работодавач	Општина Кичево
годишни примања во бруто износ	465.008,00 денари
членство во други органи на надзор	/
членство во други органи на управување	/

Соња Петрушева	Член на на Надзорен одбор
мандат	12 .09.2019 -
назив на работодавач	
годишни примања во бруто износ	908.768,00 денари
членство во други органи на надзор	/
членство во други органи на управување	/

Климентина Попоска	Член на на Одбор за ревизија
мандат	27.12.2012 –
назив на работодавач	Економски институт – Скопје Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје Институт за бизнис економија
членство во други органи на надзор	
членство во други органи на управ.	Хоризонти Микрокредитирање - УО

Ленин Прцуловски	Член на на Одбор за ревизија
мандат	23.04.2019 –
назив на работодавач	Winner Vienna Insurance Group Skopje
членство во други органи на надзор	/
членство во други органи на управ.	/

Ќенан Идризи	Член на на Одбор за управување со ризици
мандат	18.12.2008 -
членство во други органи на надзор	/
членство во други органи на управување	/

Александар Станојковски	Член на на Одбор за управување со ризици
мандат	18.12.2008 –
членство во други органи на надзор	/
членство во други органи на управување	/

Бесим Билали	Управен одбор Претседател на Одбор за управување со ризици
мандат	12.02.2015–12.02.2019 година
членство во други органи на надзор	/
членство во други органи на управување	/

Драган Мартиновски	Управен одбор Претседател на Одбор за управување со ризици
мандат	14.05.2013–14.05.2019 година
членство во други органи на надзор	
членство во други органи на управување	

Кире Наумов	Член на Управен одбор
мандат	21.11.2019 –

назив на работодавач	Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје
членство во други органи на надзор	/
членство во други органи на управ.	/

Фарук Исмаили	Член на Управен одбор
мандат	07.12.2019 –
назив на работодавач	Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје
членство во други органи на надзор	/
членство во други органи на управ.	/

3. Информации и податоци поврзани со спроведувањето на политиката на наградување на Банката

Надзорниот одбор на Банката на ден 18.12.2018 година ја усвои Политиката за наградување на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје. Политиката за наградување содржи јасни и транспарентни правила и критериуми за определување на висината на вкупниот надоместок, а особено за јасно определување и разграничување помеѓу фиксниот и варијабилниот дел од вкупниот надоместок. Со Политиката за наградување е утврдено дека варијабилниот дел од надоместокот не смее на годишно ниво да надмине 25% од фиксниот дел од вкупниот надоместок исплатен на секој вработен или член на орган на Банката. Согласно оваа политика, Надзорниот одбор ја одобрува висината на вкупниот надоместок за членовите на Управниот одбор со склучување на менаџерските договори. За лицата надлежни за функциите за контрола, Надзорниот одбор ја одобрува висината на вкупниот надоместок само во случај кога се утврдува варијабилен дел на надоместокот. Управниот одбор го утврдува вкупниот надоместок за лицата со посебни права и одговорности и за вработените во Банката.

Со Политиката за наградување не е предвидено да се исплаќа надоместок во форма на акции или други права кои даваат можност за стекнување на акции.

Надзорниот и Управниот одбор на Банката немаат донесено Одлука за определување на варијабилен дел од надоместокот за членовите на Управниот одбор на Банката, односно за лицата со посебни права и одговорности во Банката.

Во извештајната година, на членовите на Надзорниот одбор по основ на надоместоци за членство им е исплатен бруто износ 2.794.840 денари, а на членовите на Одборот за ревизија бруто износ 497.777 денари. За членство во останатите органи на Банката не е предвиден и не се исплатува надомест.

Во извештајниот период на актуелните членовите на Управниот одбор по основ на бруто плата, надоместоци на плата, бонус, осигурувања и други права им е исплатен износ од 1.662.722 денари, а на 13 лица со посебни права и одговорности во банката износ од 13.986.929 денари.

V. ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

Банката е организирана во три сектори: Сектор за кредитирање и гаранции, Сектор за кредитно осигурување, Сектор за управување со средства и ликвидност и пет служби: Служба за внатрешна ревизија, Служба за управување со ризици, Служба за информатичка технологија, Служба за правни и општи работи и Служба за план и анализа. Во Банката е именувано одговорно лице за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите, одговорно лице за сигурност на информативен систем и одговорно лице за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

Банката нема основано подружници.

Заклучно со 31.12.2019 година во РБСМ има 40 вработено лице.

РАЗВОЈНА БАНКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ
BANKA PËR ZHVILLIM E MAQEDONISË SË VERIUT SHA SHKUP
DEVELOPMENT BANK OF NORTH MACEDONIA JSC SKOPJE



VI. АКЦИОНЕРСКА СТРУКТУРА

Согласно Законот за Македонска банка за поддршка на развојот (Сл. Весник на РМ бр. 105/2009), МБПР е акционерско друштво во кое Република Македонија е единствен акционер. Владата на Република Македонија е запишана во акционерската книга на Банката со вкупно 384.103 обични акции со право на глас и номинална вредност од 3.108,00 денари за една акција.

VII. ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ ВО ВРСКА СО КОДЕКСОТ ЗА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

Кодексот за корпоративно управување на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје бр. 02-1602/5 од 29.6.2018 година и Одлуката за измена и дополнување на Кодексот за корпоративно управување бр. 02-2043/13 од 13.08.2019 година се изготвени во согласност со Одлуката на Советот на НБРСМ за основните начела и принципи на корпоративно управување во банка.

РБСМ, односно органите на управување во Банката и вработените во текот на 2019 година, во целост се придржуваа кон принципите на корпоративно управување прифатени во кодексот за корпоративно управување и тоа:

- Принцип на заштита на правата и интересите на единствениот акционер;
- Принцип на ефикасно управување;
- Принцип на ефикасна контрола на финансиските и економските активности;
- Принцип на транспарентност и објективност на објавување на информации за РБСМ;
- Принцип на законитост и етика;
- Принцип на социјална одговорност;
- Принцип на поделба на надлежностите;
- Политика на решавање на корпоративните конфликти;

- Принцип на ефективно заемно дејство со вработените и правичен надоместок;
- Принцип на трудољубивост и одговорност;
- Заштита на лични податоци;
- Корпоративен советник.

VIII. ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ ЗА ПОЛИТИКАТА НА БАНКАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Основните постулати на политиката за спречување на судир на интереси во РБСМ се предвидени во Етичкиот кодекс на Банката бр. 02-1470/8 од 12.6.2018 година, Одлуката за измена и дополнување на етичкиот кодекс бр. 02-1424/9 од 6.6.2019 година и Политиката за избегнување на судир на интереси бр. 02-1401/8 од 6.6.2018 година. Етичкиот кодекс, најмалку еднаш годишно е предмет на разгледување од страна на Надзорниот одбор на Банката.

Согласно законските одредби и одредбите од Политиката на Банката за избегнување судир на интереси, лицата со посебни права и одговорности во Банката редовно на секои шест месеци даваа писмена изјава за постоење, односно непостоење на судир на нивниот личен интерес со интересот на Банката.

Членовите на Надзорниот и Управниот одбор на Банката и лицата со посебни овластувања не присуствуваат при донесување на одлуки со кои е доведена во прашање нивната објективност, поради постоење на судир помеѓу нивниот личен интерес и интересот на Банката преку содржината на одлуката која е предмет на донесување од страна на соодветниот орган. Членовите на Надзорниот и Управниот одбор и лицата со посебни овластувања пред одлучувањето за одредени прашања за кои имаат судир на интереси, ја напуштаат седницата и даваат писмена изјава во која се наведува основот од кој произлегува судирот на интереси.

IX. ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГИ ОД НАДВОРЕШНИ ЛИЦА

РБСМ користи услуги од надворешни лица кои се значајни за работењето на Банката, односно:

- одржување на софтвер за факторинг;
- одржување на софтвер за интегриран банкарски систем ИБИС;
- одржување на ИКТ инфраструктура;
- одржување на софтвер за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

Согласно политиката за користење на услуги од надворешни лица, Банката има склучено годишни договори за одржување со соодветни надворешни лица, кои ги исполнуваат критериумите и условите за вршење на соодветните услуги како надворешни лица во банка.

X. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА БАНКАТА ВО 2019 ГОДИНА

Во текот на 2019 година, РБСМ АД Скопје работеше согласно усвоениот Развоен план и Деловна политика за годината, прилагодувајќи го тековното работење со економските, пазарните и непазарните услови во земјата. Банката главно ги оствари планираните оперативни и финансиски цели, при што е зачувана висока ликвидност, стабилност и солвентност.

1. Биланс на состојба

Вкупната билансна сума во 2019 година изнесува 10.312.560 илјади денари и во однос на претходната година е зголемена за 2,6%.

БИЛАНС НА СОСТОЈБА (во илјади денари)	состојба 31.12.2018	состојба 31.12.2019	2019/2018
Парични средства и парични еквиваленти	698.074	773.636	10,8%
Кредити на и побарувања од банки	9.160.044	9.328.142	1,8%
Кредити на и побарувања од други комитенти	61.365	79.493	29,5%
Вложувања во хартии од вредност	0	0	нп
Побарувања за данок на добивка	5.203	3.653	-29,8%
Останати побарувања	8.997	11.060	22,9%
Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања	5.864	4.496	-23,3%
Нематеријални средства	290	923	318,3%
Недвижност и опрема	111.889	111.157	-0,6%
ВКУПНА АКТИВА	**10.051.726**	**10.312.560**	**2,6%**
Обврски по кредити	7.435.704	7.673.211	31,9%
Посебна резерва и резервирања за вонбилансна изложеност	5.784	9.303	60,8%
Останати обврски	9.145	10.586	15,8%
ВКУПНО ОБВРСКИ	**7.450.633**	**7.693.100**	**3,2%**
Запишан капитал	1.193.792	1.193.792	0,0%
Останати други резерви	1.360.789	1.407.301	3,4%
Задржана добивка/акумулирани загуби	46.512	18.367	-60,5%
ВКУПНО КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ	**2.601.093**	**2.619.460**	**0,7%**
ВКУПНО ОБВРСКИ И КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ	**10.051.726**	**10.312.560**	**2,6%**

Состојбата на **паричните средства и паричните еквиваленти** на 31.12.2019 година изнесува 773.636 илјади денари што претставува 7,5% од вкупната актива на Банката.

Кредитите на и побарувања од банки на ден 31.12.2019 година изнесуваат 9.328.142 илјади денари што претставува 90,4% од вкупната актива и истите се зголемени за 1,8% во однос на претходната година. Оваа ставка има најголемо учество во активата поради специфичниот принцип на работа на Банката кој е карактеристичен за развојните банки во светот. Анализата на кредитното портфолио на Банката од аспект на валутната структура го покажува доминантното учество на состојбата на девизни кредити.

Кредитите на и побарувања од други коминтенти кои доминантно се однесуваат на кредитирање на општините и факторинг на ден 31.12.2019 година изнесуваат 79.493 илјади денари и бележат пораст од 29,5% во однос на претходната година.

Управувањето со **преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања** се одвиваше во согласност со регулативата на НБРСМ која се однесува на издвојување загуба за оштетување на преземениот имот.

Нематеријалните средства и **недвижностите и опремата** се движеа во рамките на потребите за задоволување на основното оперативно работење на Банката.

Во однос на изворите на средства, **вкупните обврски** на Банката на 31.12.2019 година достигнаа износ од 7.693.100 илјади денари и остварија пораст од 3,2% во споредба со крајот на 2018 година. Доминантна ставка во вкупните обврски и понатаму се **обврските по кредити** со учество од 99,7% во вкупните обврски на Банката. Во валутната структура доминираат обврските по кредити во странска валута, додека од аспект на рочната структура согласно рокот на доспевање тие се во позицијата на долгорочни обврски.

Вкупниот капитал и резервите учествуваат со 25,4% во пасивата на Банката. Оваа ставка на 31.12.2019 година бележи пораст од 0,7% во однос на претходната година и изнесува 2.619.460 илјади денари. Истиот го сочинуваат основачкиот капитал, резервите формирани од остварените добивки во претходните години и добивката од тековниот период.

2. Биланс на успех

Во периодот од 01.01 - 31.12.2019 година, РБСМ оствари вкупни приходи во износ од 200.978 илјади денари, вкупни расходи во износ од 180.192 илјади денари, бруто-позитивен финансиски резултат во износ од 20.786 илјади денари и **нето-позитивен финансиски резултат** во износ од 18.367 илјади денари. Пресметаниот данок на добивка за 2019 година изнесува 2.419 илјади денари. Финансискиот резултат на крајот од 2019 година беше под одредено негативно влијание на еднократен ефект во делот на исправката на вредност на финансиски средства, на нето основа кое ќе се анулира во финансиските извештаи за следната година.

БИЛАНС НА УСПЕХ (во илјади денари)	01.01.2018-31.12.2018	01.01.2019-31.12.2019	2019/2018
Приходи од камата	203.190	157.640	-22,4%
Расходи за камата	-103.421	-73.439	-29,0%
Нето приходи/расходи од камата	**99.769**	**84.201**	**-15,6%**
Приходи од провизии и надоместоци	40.821	38.439	-5,8%
Расходи за провизии и надоместоци	-25.463	-26.335	3,4%
Нето приходи/расходи од провизии и надоместоци	**15.358**	**12.104**	**-21,2%**
Нето приход/расход од курсни разлики	**75**	**-243**	**-424,0%**
Останати приходи од дејноста	**5.744**	**4.899**	**-14,7%**
Исправка на вредност на финансиски средства, на нето основа	**-1.899**	**-16.345**	**860,7%**
Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето основа	**-1.466**	**-1.369**	**-6,6%**
Трошоци за вработените	-35.246	-34.215	-2,9%
Амортизација	-10.026	-4.781	-52,3%
Останати расходи од дејноста	-20.374	-23.465	15,2%
Општи и административни трошоци и амортизација	**-65.646**	**-62.461**	**-4,9%**
Добивка/загуба пред оданочување	**51.935**	**20.786**	**-60,0%**
Данок на добивка	-5.423	-2.419	-55,4%
ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ФИНАНСИСКАТА ГОДИНА	**46.512**	**18.367**	**-60,5%**

Во извештајниот период остварени се **нето-приходи од камата** во износ од 84.201 илјади денари и истите се намалени за 15,6% во однос на претходната година. Ова намалување главно се должи на: укинувањето на каматните субвенции од страна на државата за ЕИБ-5 кредитната линија, наспроти

субвенциите за ЕИБ 1-4 кредитните линии; надолната промена во ценовната политика кај производите на Банката и ниските каматни стапки на домашниот пазар на пари.

Нето-приходите од провизии и надоместоци за тековната 2019 година изнесуваат 12.104 илјади денари и истите се намалени во споредба со 2018 година за 21,2%.

Приходите и расходите за средства и изворите на средствата во странски валути или изразени во валутна клаузула се искажуваат во билансот на успех во денари по средниот курс на НБРСМ на нето основа.

Банката во согласност со прописите и усвоените акти го утврдува процентот со кој се проценува намалувањето на вредноста и одржувањето на резерви кои се доволни за покривање на можните кредитни ризици. За 2019 година **исправката на вредност на финансиските средства** прикажа нето-расход во износ од 16.345 илјади денари и 1.369 илјади денари по основ на **расход од оштетување на нефинасиски средства**, на нето основа.

Општите и административни трошоци и амортизацијата се реализирани во износ од 62.461 илјади денари што е за 4,9% помалку во однос на истиот период минатата година.

XI. КРЕДИТНИ АКТИВНОСТИ

Како и во претходните години така и во 2019 година, РБСМ ги реализираше кредитните активности главно преку деловните банки со кои има склучено договори за соработка и тоа:

- Халк банка АД Скопје,
- Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје,
- Еуростандард банка АД Скопје
- Комерцијална банка АД Скопје,
- НЛБ банка АД Скопје,
- Охридска банка АД Скопје,
- Прокредит банка АД Скопје,
- Стопанска банка АД Битола,
- Стопанска банка АД Скопје,
- ТТК банка АД Скопје,
- УНИ банка АД Скопје,
- Централна Кооперативна банка АД Скопје.

Дел од своите кредитни активности (кредитирање на земјоделството; на проекти за преработка на земјоделски производи; на извозот и на општините за проекти од ИПА компонента) РБСМ ги реализираше директно со кредитобарателите, без посредство на деловните банки.

Кредитните активности на РБСМ се финансирани со користење на два извора на средства, односно сопствени извори на средства и туѓи извори на средства (средства обезбедени од меѓународни финансиски институции, билатерални кредитори и останати кредитори и донатори).



1. Кредитни линии од сопствени средства

Од сопствените средства на РБСМ се креирани неколку кредитни линии во функција на исполнување на развојните цели што ги има Банката:

- Кредитна линија за развој на микро, мали и средни претпријатија - *износ*: до 500.000 евра; *рок на отплата*: до 1 година; *каматна стапка*: фиксна до 6,5% или варијабилна до 3М ЕУРИБОР + 3,75%;
- Финансирање на производство наменето за извоз - *износ*: до 2.000.000 евра; *рок на отплата*: до 2 години; *каматна стапка*: фиксна до 6% или варијабилна до 3М ЕУРИБОР + 3,75%;
- Финансирање на тројни обртни средства - *износ*: до 300.000 евра; *рок на отплата*: до 3 години; *каматна стапка*: фиксна до 6% или варијабилна до 3М ЕУРИБОР + 3,75%;
- Финансирање на општини за имплементација на проекти финансирани од ЕУ ИПА компонента - *износ*: до 300.000 евра; *рок на отплата*: до 2 години; *каматна стапка*: фиксна 5,75%.

Со состојба 31.12.2019 година, изложеноста на Банката по основ на овие кредитни линии изнесува вкупно 28,7 милиони евра.

2. Кредитни линии од меѓународни финансиски институции, билатерални кредитори и останати извори

Во 2019 година, РБСМ продолжи со искористувањето и реализицијата на кредитните линии од странските кредитори и донатори. Притоа, посебен акцент се стави на пласманите на кредити од револвинг фондот на кредитните линии ЕИБ 1, ЕИБ 2, ЕИБ 3 и ЕИБ 4 како и на повлекување и пласман на нови средства од ЕИБ 5.

2.1. ЕИБ 5 кредитна линија

Кредитите од оваа кредитна линија се наменети за финансирање на основни средства, тројни обртни средства, приоритетни проекти и mid cap компании и истите се пласираат со фиксна каматна стапка до 3,2% годишно. Со средствата од оваа кредитна линија се поддржуваат следните кредитни програми:

Инвестициски кредити од ЕИБ 5

Износ на поединечен кредит наменет за крајните корисници:	од 10.000 до 3.500.000 евра
Рок на отплата:	до 12 години
Вклучен грејс период:	до 2 години
Намена:	Поддршка на идентификувани проекти за: ▪ купување на материјални средства: недвижности (освен земјиште); опрема; обртни средства (не повеќе од 30% од вредноста на кредитот) и ▪ инвестиции во нематеријални средства

Кредити за трајни обртни средства од ЕИБ 5

Износ на поединечен кредит наменет за крајните корисници:	од 5.000 до 666.700 евра
Рок на отплата:	до 3 години
Вклучен грејс период:	до 6 месеци
Намена:	Поддршка на барањата за перманентно зголемување на потребите за обртен капитал во услови на експанзија на бизнис активностите на компанијата

Кредити за приоритетни проекти и mid cap од ЕИБ 5

Износ на поединечен кредит наменет за крајните корисници:	до 6.000.000 евра
Рок на отплата:	до 12 години
Вклучен грејс период:	до 2 години
Намена:	Поддршка на приоритетни проекти од областа на индустријата, образованието, културата, екологијата и сл.

Во 2019 година, од ЕИБ 5 кредитната линија беа поддржани 123 кредитни барања во вкупен износ од 44,0 милиони евра, а од револвинг средствата од претходните четири ЕИБ фази се поддржани дополнителни 105 кредитни барања во вкупен износ од 14,4 милиони евра.

2.2. Кредитна линија за финансирање на микро, мали и средни претпријатија од Германската развојна банка - *KfW*

Средствата од оваа кредитна линија се состојат од вкупно три фази. РБСМ е назначена само како управител на Фондот формиран од средствата на

кредитната линија од првата фаза (KfW1), додека во втората и третата фаза (KfW2 и KfW3), РБСМ се јавува и како позајмувач на средства. Кредитите се пласираат преку Халкбанка АД Скопје, Охридска банка АД Скопје, Прокредит банка АД Скопје и штедилница Можности ДОО Скопје. Износот на кредити е до 300.000 евра, рокот на отплата до 11 години, а каматна стапка ја утврдува секоја банка-учесник поединечно. Корисници на кредитите се: микро и мали претпријатија, индивидуални претприемачи, занаетчиски дуќани, приватни трговци, тезги на пазар и други микро и мали стопански субјекти. Кај оваа кредитна линија заклучно со крајот на 2019 година, Банката има вкупна изложеност од 14,5 милиони евра.

2.3. Други кредитни линии и проекти

2.3.1. Проект „Самовработување со кредитирање"

Во 2008 година се започна со спроведување на проектот „Самовработување со кредитирање" (носител на проектот е Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија). Цел на проектот е создавање на ефикасен систем на економска и социјална поддршка и продуктивно ангажирање на категоријата невработени лица во државата. Кредитната програма е насочена кон поддршка на долгорочно невработените лица, корисниците на парични надоместоци по основ на невработеност и младите лица кои прв пат се вработуваат. Кредитите се одобруваат со фиксна каматна стапка од 1% годишно при што во грејс период не се плаќа камата, а лицата-корисници на средства од оваа програма се обврзуваат најмалку во периодот на отплата на кредитот да не можат да се вратат во евиденцијата на невработени лица. Кредитите се одобруваат за следниве категории:

- Невработени лица кои сакаат да се самовработат – *износ:* за секое новоотворено работно место од 5.000 до 10.000 евра (по избор на кредитобарателот), а за секое дополнително новоотворено работно место по дополнителни 5.000 евра, но најмногу до 5 работни места (вклучувајќи го и кредитобарателот), односно најмногу до 30.000 евра независно од обемот на дејноста; *рок на отплата*: до 7 години; *грејс период*: до 1,5 години;

- Правни лица кои сакаат да вработат – *износ:* за секое новоотворено работно место до 5.000 евра, без ограничување на бројот на лица кои може да ги вработи; *рок на отплата:* до 4 години; *грејс период:* до 1 година.

За реализација на овој проект во кој РБСМ има улога на агент банка, склучени се договори со шест деловни банки и тоа Охридска банка АД Скопје, НЛБ банка АД Скопје, Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Комерцијална Банка АД Скопје, Стопанска Банка АД Битола и Халк Банка АД Скопје,

Заклучно со 31.12.2019 година изложеноста кај оваа кредитна линија изнесува 7,0 милиони евра.

2.3.2. Обновлив кредитен фонд/Земјоделски кредитен дисконтен фонд (ОКФ/ЗКДФ) кредитна линија

Започнувајќи од 1.7.2010 година, со Договор за администрирање склучен помеѓу Министерството за финансии и МБПР, администрирањето на ЗКДФ кредитната линија е пренесено од Министерството за финансии во МБПР под името „Администрирање на кредитна линија од Обновлив кредитен фонд".

Реализацијата на ОКФ/ЗКДФ кредитната линија се спроведува од 2003 година преку дванаесет финансиски институции учеснички (ФИУ), од кои десет се деловни банки, а две се штедилници. Рокот на отплата и грејс периодот се договараат со ФИУ, а кредитите се одобруваат за следниве категории:

- Примарно земјоделско производство – *износ:* до 100.000 евра; *каматна стапка:* фиксна до 4% годишно (преку банки) или фиксна до 6% годишно (преку штедилници);
- Преработка на земјоделски производи – *износ:* до 300.000 евра; *каматна стапка:* фиксна до 5% годишно (преку банки) или фиксна до 6,5% годишно (преку штедилници);
- Извоз на примарни земјоделски производи и нивни преработки - *износ:* до 300.000 евра; *каматна стапка:* фиксна до 5% годишно (преку банки) или фиксна до 6,5% годишно (преку штедилници).

Заклучно со 31.12.2019 година одобрени се вкупно 6.318 кредити во вкупен износ од 81,3 милиони евра, од кои 63,3 милиони евра се средства од Фондот, а 18,0 милиони евра се средства на ФИУ. Со состојба 31.12.2019 година, активното салдо на Фондот изнесува 2,1 милион евра.

2.3.3. Кредитна линија - Посебен кредитен фонд (ПКФ)

Во текот на 2011 година, Кредитната линија од Европската агенција за реконструкција (ЕАР) која беше наменета за поддршка на мали и средни трговски друштва беше редизајнирана преку склучување на Договор за администрирање на Посебен кредитен фонд со гарантна шема за поддршка на микро, мали и средни трговски друштва помеѓу Владата на Република Македонија и МБПР. Кредитите се пласираат преку деловните банки со кои РБСМ има склучено рамковни договори или директно.

На 31.12.2019 година изложеноста по основ на ПКФ кредитната линија изнесува 194 илјади евра.

2.3.4. Кредитна линија за производство, преработка и извоз на земјоделски производи

Оваа кредитна линија започна со имплементација во 2012 година и беше формирана со цел директно да се поддржат друштвата кои се занимаваат со производство, преработка и извоз на земјоделски производи. Кредитите се одобруваат под следните услови: *износ:* до 300.000 евра (односно до 500.000 евра за откуп на грозје, пченица, овошје и зеленчук); *рок на отплата и грејс период:* до 5 години со вклучен грејс до 1 година за основни средства и до 1,5 година со вклучен грејс до 3 месеци за обртни средства; *каматна стапка:* фиксна 2% годишно.

Од оваа кредитна линија заклучно со 31.12.2019 година се одобрени кредитни барања во износ од 23,6 милиони евра.

XII. ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊА

1. Инструменти на осигурување на побарувања (извозни и домашни)

Развојната банка на Северна Македонија е развојна институција која врши осигурување на извозни и домашни побарувања од комерцијални и политички ризици на краток рок. Во текот на 2019 година, РБСМ ги нудеше следните инструменти на осигурување:

- Осигурување од комерцијални ризици на краток рок:
  - пред испорака на стоките, односно услугите:
    - стечај.
  - по испорака на стоките, односно услугите:
    - стечај;
    - продолжено неплаќање.
- Осигурување од политички ризици:
  - ризик од војна или слични настани;
  - ризик од откажување на лиценци;
  - раскинување на договор.

1.1. Договор за реосигурување

Во 2019 година, Банката го реосигуруваше вкупното осигурено извозно и домашно портфолио. Реосигурувањето се вршеше согласно склучениот квотен (задолжителен) договор за реосигурување со реосигурителите Атрадиус РЕ (Atradius RE) и Натионале Борг (Nationale Borg). Со квотниот договор за реосигурување се постигнаа поповолни услови во однос на преземениот ризик, премиските стапки, осигурените ризици и други услови во споредба со претходните години. Согласно квотниот договор за реосигурување, РБСМ презема 35%, а реосигурителите преземаат 65% од осигуреният ризик на РБСМ за одобрени кредитни лимити до 1.500.000 евра. За одобрени кредитни лимити за купувачи над 1.500.000 евра, РБСМ презема 20% од осигуреният ризик, а реосигурителите преземаат 80% од осигуреният ризик.

Поединечното преземање на ризикот од страна на реосигурителите е како што следи:

- Атрадиус РЕ, Република Ирска - 66,67%,
- Натионале Борг, Кралство Холандија - 33,33%,

2. Обем на работење

2.1. Полиси за осигурување на извоз од комерцијални ризици на краток рок

Во текот на 2019 година, РБСМ потпиша полиси за осигурување на извозни и домашни побарувања, побарувања од комерцијални ризици на краток рок со 55 осигуреници и по истите се одобрени кредитни лимити за домашни и странски купувачи.

2.2. Осигурани побарувања

Во текот на 2019 година, РБСМ осигура вкупно 51,6 милиони евра. Од нив осигурување на извоз во износ од 38,4 милиони евра од кои наплати премија во износ од 140.708 евра. Остатокот од 13,2 милиони евра е од осигурување на домашни побарувања од краткорочни комерцијални ризици, и од нив наплати премија во износ од 57.739 евра.

Износот на премија што РБСМ ја плаќа на реосигурителите е 65% од вкупно наплатената премија. Согласно на ова, при преземање на ризикот, односно исплата на штета, реосигурителите учествуваат со 65% во износот на штета, а РБСМ со 35%.

2.3. Штети

Во текот на 2019 година, поради настанати осигурени случаи (стечај и продолжено неплаќање), РБСМ исплати штети во корист на осигурениците во износ од 219.615 евра.

3. Меѓународна соработка

РБСМ е полноправен член на Меѓународната асоцијација на извозно кредитни агенции - Прашки клуб од 1999 година (дел од Бернската унија). Како полноправен член, РБСМ во 2018 година активно учествуваше во работата на Бернската унија, придонесувајќи за остварување и почитување на целите на асоцијацијата: меѓусебна соработка, размена на искуства, прифаќање на меѓународни стандарди, промовирање на кредитното осигурување, обезбедување на меѓусебна помош и размена на информации. РБСМ учествуваше на еден одржан полугодишен редовен состанок на членките на Прашкиот клуб и Бернската унија.

4. Факторинг

Факторингот е флексибилен финансиски инструмент кој овозможува подобрување на готовинскиот тек и ликвидноста на компаниите. Факторингот е специфичен облик на краткорочно финансирање во којшто РБСМ во улога на „Фактор“ врз основа на договор склучен во писмена форма ги презема-купува побарувањата од странство на друго домашно лице (доверител) со право на регрес. Договорни страни во факторингот се:

- Продавач/извозник на стоки и услуги кој издава фактура;
- Должник/купувач на стоките или услугите;
- Фактор (субјект/РБСМ кој го врши факторингот, односно откупот на побарувањето).

РБСМ работи факторинг со право на регрес на извозни побарувања. На тој начин, Банката придонесува за полесно краткорочно финасирање на компаниите за нивните тековни потреби со што преставува еден вид на акцелератор на бизнис циклусите кои се спроведуваат во компаниите, посебно на извозно ориентираните компании. Со јасно дефинирани Процедури за факторинг и нивна конзистентна примена се овозможи:

- воспоставување на јасно дефинирани принципи и постапки на работење и
- користење на стандардни форми и модели при спроведување на факторинг услугата.

Иако РБСМ врши факторинг на извозни побарувања со право на регрес, во процесот на факторингот, акцент се става на кредитната способност на купувачот/должникот. Предностите за компаниите-клиенти од користење на факторинг инструментот се:

- подобрување на готовинскиот тек;
- забрзување на бизнис циклусите;
- зголемување на обртниот капитал;
- обезбедување раст и развој на бизнисот.

Факторингот во целост ја потврдува својата улога на алтернативен и специфичен начин на финасирање кој се повеќе ќе биде актуелен и користен со оглед на искуствата во странство и потребите на македонските компании за обртни средства за финасирање на тековните потреби.

Во текот на 2019 година, РБСМ преку факторингот поддржа извоз на македонски извозници со што го поддржа извозот на македонски производи и услуги кон купувачи кои се лоцирани во 5 земји од регионот и ЕУ.

Реализиран факторинг во 2019 година:

во евра	01.01-31.12.2019
Откупени побарувања	4.072.706
Финансирање	3.258.165
Пресметана камата	16.783
Пресметана провизија	8.146

XIII. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје има воспоставено систем на управување со ризиците и континуирано управува со ризиците во согласност со природата, видот и обемот на финансиски активности што ги врши. Воспоставениот систем на управување со ризици вклучува стратегија, политика, процедури и други интерни акти за управување со ризиците, соодветна организациска поставеност (јасна организациска структура, ефикасен процес на управување со ризици и ефикасен систем на внатрешна контрола и ревизија) и процес на утврдување на потребниот интерен капитал на банката за покривање на ризиците.

РБСМ има воспоставено систем на управување со сите материјални ризици на кои е изложена. Материјалните ризици се утврдуваат согласно со интерна методологија според која се користи квалитативна оценка, односно оценка на вијанието на одделен ризик на работењето, како и историски податоци за износ на загуби кои може да се поврзат со одделен ризик.

Ризикот претставува веројатност одредена активност или настан да има директно негативно влијание врз добивката и/или сопствените средства или да предизвика тешкотии во остварувањето на целите на банката. Ризикот е соодветно управуван кога е идентификуван, разбран, оценет, извршен е мониторинг и контролиран. Соодветното управување со ризиците се заснова пред сè на интерни акти за идентификување, оценка, контрола и следење на одделните ризици, правила за стрес тестирање, правила за воведување нов производ, правила за користење услуги од надворешни лица, како и соодветен информативен систем. Дополнително, ризиците не се идентификуваат и оценуваат во изолација, поради тоа што една трансакција може да носи повеќе видови ризици и еден вид ризик може да има влијание на зголемување на други ризици.

Со системот на управување со ризици Банката ги опфаќа најмалку:

- Кредитен ризик;
- Ризик на земја;
- Кредитен ризик, ризик кој произлегува од девизен курс;
- Ризик од концентрација на кредитната изложеност;
- Ликвидносен ризик;

- Валутен ризик;
- Ризик од промена на каматни стапки во портфолио на банкарски активности;
- Оперативен ризик;
- Репутациски ризик;
- Стратегиски ризик.

1. Кредитен ризик

Кредитниот ризик претставува ризик од загуба за банката, поради неможноста клиентот или друга договорна страна да ги измирува своите обврски во договорениот износ и/или договорените рокови. Имајќи го предвид фактот дека сите промени на макроекономските индикатори во една земја водат кон квалитативни промени кај клиентите, покрај кредитниот ризик банката го вклучува и ризикот на земјата. Кредитите се најголеми и најочигледни извори на кредитен ризик. Меѓутоа, постојат и други извори на кредитен ризик што постојат од извршување на активностите на банката и се вклучени во билансната и вонбилансна евиденција.

Банката го контролира кредитниот ризик со воспоставување на политики и процедури со кои се утврдува системот на внатрешни контроли со цел превентивно делување на ризиците. Имено, банката ги извршува активностите врз основа на дефинирани критериуми за нови изложености на кредитен ризик, како и за распространетост на постојните изложености на кредитен ризик. Пред одобрување на било каква активност, која има влијание на кредитната изложеност, банката врши оценка на профилот на ризичност на поединечна основа (клиент/трансакција) што вклучува: оценка (квантитативна и квалитативна) на кредитната способност на клиентот/друга договорна страна и уредноста на клиентот во намирувањето на неговите обврски. Банката ја оценува потребата и соодветно врши исправка на вредност на активните биланси побарувања односно издвојува посебна резерва за вонбилансните позиции коишто произлегуваат од секој склучен договор за кредитна изложеност преку утврдување на сегашна вредност на идните парични текови кои што ќе настанат врз основа на тие побарувања. Банката го утврдува износот на очекувана кредитна загуба најмалку еднаш месечно на поединечна основа за сите кредитни изложености.

Изложеност на кредитен ризик по категории на ризик со состојба на 31.12.2019 е следна:

- А категорија – 99,73%
- Б категорија – 0,09%
- В категорија – 0,02%
- Г категорија – 0,00%
- Д категорија – 0,16%

Банката не утврдила исправка на вредност/посебна резерва за 6,6% од вкупната изложеност на кредитен ризик. Со состојба на 31.12.2019 година, вкупниот износ на исправка на вредност/посебна резерва е 0,28% од вкупната изложеност на кредитен ризик што претставува ниско ниво на ризичност.

2. Ризик на земја

Ризик на земја е ризикот дека економските, социјалните и политичките услови и настани во одредена странска земја ќе влијаат на работењето на банката. Во функција на управување со овој ризик, банката воспоставува адекватен систем на идентификација, оценка, мониторинг и контрола при што има предвид дека ризикот на земјата не е лимитиран само на изложеност кон лица со домицилна земја различна од Република Северна Македонија, туку ги разгледува и факторите што можат да влијаат на изложеноста кон домашни лица, доколку кредитната способност на наведеното лице е под значајно влијание на настани во друга земја. Управувањето со ризик на земји е интегриран со процесот на управување со кредитен ризик.

Цел на политиката за управување со ризик на земја на банката е обезбедување неопходни предуслови за идентификување на изложеноста на банката на ризик на земја и ограничување на изложеноста според нивото на ризикот.

Изложеноста на ризик на земја се пресметува поединечно за секоја изложеност на кредитен ризик. За секоја класификациска група на земја се предвидува процент на загуба согласно со Политиката за управување со кредитен ризик. Ризикот на земја се пресметува како процент од нето-кредитната изложеност.

3. Кредитен ризик, кој произлегува од ризик од девизен курс

Кредитниот ризик кој произлегува од ризикот од девизниот курс на кој е изложен резидентот-корисник на кредит е интегрален дел од кредитниот ризик и е интегриран во системот на управување со ризиците. Кредитниот ризик кој произлегува од ризикот од девизниот курс на кој е изложен резидентот-корисник на кредит е тековниот или потенцијалниот ризик по капиталот и добивката кој произлегува од неможноста на резидентот-корисник на кредит редовно да ги извршува своите обврски согласно договорот за кредит заради тоа што промените во девизниот курс негативно се одразуваат, т.е. ги зголемуваат обврските на корисникот на кредит. Овој ризик е поврзан со валутата во која кредитите или другите пласмани се одобруваат. Имено, кредитен ризик кој произлегува од ризикот од девизниот курс се јавува при неусогласена девизна позиција (неусогласена структура на девизни побарувања и обврски) на корисникот на кредит според валутата и рочноста. Валутниот индуциран кредитен ризик е својствен за банката бидејќи дел од активата и пасивата се искажани во странска конвертибилна валута или во домашна валута, но индексирани во странска валута.

4. Ризик од концентрација на изложеноста

Ризикот од концентрација на изложеноста е секоја поединечна изложеност или група на изложености кои потенцијално може да предизвикаат загуба доволно голема што може да влијае на финансиската состојба на банката или на редовното извршување на нејзините активности.

Управувањето со ризик од концентрација на изложеноста, банката го врши со воспоставување на лимити на изложености, како и дефинирање и следење на големи изложености кон одредени лица, согласно со критериумите дефинирани во Законот за МБПР и другите подзаконски прописи според кои банката е обврзана да ги извршува своите активности.

5. Ликвидносен ризик

Ликвидносен ризик претставува тековен или иден ризик, банката да не може да обезбеди доволно парични средства за измирување на своите краткорочни обврски во моментот на нивното достасување или потребните средства да ги обезбеди со многу повисоки трошоци.

Основните начела и принципи за управување со ликвидоносниот ризик се утврдени со Политиката и процедурите за управување со ликвидоносен ризик. Со цел управување со ликвидноста, банката одржува потребно ниво на ликвидни средства, континуирано ја следи тековната ликвидност, обезбедува доволно денарски и девизни средства за навремено подмирување на обврските и за исплата на одобрените кредити. Моменталните вишоци на ликвидни средства се пласираат во ликвидни хартии од вредност, во депозити до 7 дена во НБРСМ, во краткорочни кредити на деловните домашни банки и во депозити во странски банки.

Следењето на ликвидноста на банката се врши од страна на Секторот за средства и ликвидност, кој ги усогласува приливите и/или одливите по валути, презема активности за одржување на портфолио на високо ликвидни средства, ја следи резидуалната и очекуваната рочна структура во насока на остварување на целите на банката дефинирани во стратегијата на банката.

6. Ризик од промена на каматни стапки во портфолио на банкарски активности

Ризик од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности претставува ризик од загуба којшто произлегува од неповолните промени на каматните стапки, а коишто влијаат на позициите во портфолиото на банкарските активности на банката.

Управувањето со овој ризик, кој има директно влијание на приходите и на економската вредност на портфолиото на банкарски активности на банката, претставува дел од интегрираниот систем на управување со ризици во банката. РБСМ воспоставува систем на управување со ризик од промени на каматните стапки во согласност со обемот и видот на активности што ги извршува, како и со степенот на изложеност на ризик од промена на каматни стапки.

7. Валутен ризик

Валутен ризик е ризик од загуба, заради промена на меѓувалутарните курсеви и/или промена на вредноста на денарот во однос на вредноста на другите странски валути. Банката воспоставува систем на идентификување, мерење, следење и контрола на валутен ризик на кој е изложена во своето работење при што ги опфаќа сите активности и трансакции кои во билансната и

вонбилансната евиденција се евидентирани во девизи и во денари индексирани во девизна клаузула.

РБСМ вообичаено ги пласира средствата од странски извори во иста валута или во денари со девизна клаузула во валутата на потеклото на средствата. Политиката на банката е со позициите во девизи или во денари со девизна клаузула да управува на начин кој овозможува следење, контрола и елиминирање на негативните влијанија на промените на девизните курсеви на стабилноста на финансиската позиција на банката.

8. Оперативен ризик

Оперативен ризик претставува можност од загуба за банката и негативен ефект врз капиталот на банката како резултат на несоодветни или слаби внатрешни процеси, несоодветни лица и несоодветни или слаби системи во банката, како и надворешни настани кои можат да предизвикаат загуба. Споредено со кредитниот и пазарниот, овој ризик не може да генерира повисоки приходи. Оперативниот ризик го вклучува и:

- Правен ризик - тековен или иден ризик врз добивката и сопствените средства на Банката, предизвикан од прекршување или непочитување на законските и подзаконските прописи, договори, пропишани практики, етички стандарди или како последица од погрешно толкување на прописите, правилата, договорите и другите документи;
- Ризик од перење пари и финансирање на тероризам - е ризик од тоа банката намерно или ненамерно да биде вклучена во активности кои што согласно со постојната законска регулатива или меѓународните стандарди претставуваат перење пари или финансирање тероризам;
- Ризик од несоодветни информативни системи – е ризик од загуба за банката поради губење, неовластено користење или нерасположивост на информациите, информативните средства и/или услугите што ги нуди Банката.

Стратегискиот и репутацискиот ризик не се вклучуваат во дефиницијата за оперативен ризик.

Управувањето со оперативниот ризик е дел од интегриран пристап за управување со сите ризици на кои е изложена банката. Управувањето со оперативниот ризик се реализира на секое ниво во рамките на организациската

структура и истовремено се интегрира во секојдневните активности на банката. На овој начин се овозможува минимизирање на можностите за настанување на штетни настани, подобрување на квалитетот на работните процеси и на услугите на банката, како и зголемување на ефективноста при извршување на активностите. Преку постојан тренинг и обука на вработените, следење на френквенцијата на случените грешки и заштита се настојува да се намали изложеноста кон оперативниот ризик.

10. Репутациски ризик

Репутациски ризик е тековен или иден ризик врз добивката или сопствените средства на Банката кој произлегува од неповолните согледувања на клиентите, доверителите, акционерите, инвеститорите и регулаторите за работењето на банката. Одговорност на сите вработени е да ја заштитат репутацијата на банката. Воспоставен е систем на редовно следење на активностите на банката за управување со репутацискиот ризик, како и на активностите за намалување на веројатноста за настанување на некои од изворите на овој ризик.

Имајќи ја предвид акционерска структура, како и фактот дека репутацискиот ризик е ризик од губење на довербата во банката што влијае на добивката и капиталот поради неповолното мислење за деловното работење независно од тоа дали постои реална основа за такво мислење односно неможноста да се предвиди овој ризик врз база на реални индикатори, како и непостоење можност за соодветно квантифицирање на овој ризик, Банката воспоставува проактивен пристап кон процесот на управување со репутацискиот ризик.

11. Стратегиски ризик

Стратегиски ризик е тековен или иден ризик врз добивката или сопствените средства на банката, кој произлегува од промените во деловното опкружување, негативните деловни одлуки, несоодветно спроведување на одлуките или недоволната реакција на банката на промените во деловното окружување. Политика на банката е донесувањето на стратегиски одлуки да биде рационален и објективен процес во функција на управувањето со стратегискиот ризик, кој ќе резултира со ист резултат независно кој го

спроведува. Банката има воспоставено систем на редовно следење на активностите на банката за управување со стратегиски ризик, како и на активностите за намалување на веројатноста за настанување на некои од изворите на овој ризик.

12. Адекватност на капиталот

Банката воспоставува политика за одржување на сопствени средства во функција на обезбедување и континуирано одржување на адекватно ниво на сопствени средства во зависност од видот и обемот на финансиските активности и висината на ризиците на кои е изложена банката како резултат на тие активности. Политика на банката е одржувањето на сопствените средства да биде во функција на одржување на стапката на адекватност на капитал со цел да се обезбеди сигурност дека банката ќе остане солвентна на долг рок.

Со состојба на 31.12.2019 година, стапката на адекватност на капитал на РБСМ е 32,63%.

XIV. ПЛАН И АНАЛИЗА

Службата за план и анализа, во склоп на стратегиските деловни цели на Банката, во 2019 година оствари активности во насока на креирање на извештаи, податоци и информации, поврзани со:

- макроекономска анализа и истражувања како основа за воведување на нови и развој на постојани продукти во Банката;
- анализа на земји и дејности во земјите каде РБСМ има изложеност преку своите клиенти;
- анализа на банкарскиот сектор во Република Северна Македонија;
- анализа на развојните банки од регионот;
- анализа на финансиското работење на РБСМ;
- соработка со меѓународни финансиски институции;
- учество во разни владини работни тела и комитети;
- изработка на Годишен извештај на Банката за 2018 година;
- изработка на Финансиски план за 2019 година и Измена на финансискиот план за работењето на Банката во 2019 година;

- месечно следење на реализацијата на финансискиот план;
- изработка на Стратегија (деловна политика и развоен план) на РБСМ за периодот 2019-2021 година.

XV. УСОГЛАСУВАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА РБСМ СО ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ

Одговорното лице за контрола на усогласеност на работењето на банката со прописите самостојно и независно врши идентификување и следење на ризиците од неусогласеност на работењето на банката со прописите.

Во текот на 2019 година, Одговорното лице за контрола на усогласеност на работењето на банката со прописите континуирано го следеше донесувањето на нацрт-регулативата, донесувањето на новите законски и подзаконски акти, измените и дополнувањата на важечките законски прописи и вршеше оцена на нивното влијание врз работењето на банката. За измените во законската и подзаконската регулатива навремено беа информирани членовите на Надзорниот одбор, Управниот одбор и вработените во банката и истите беа советувани во врска со нивната примена. Континуирано беа преземани потребните мерки и активности со цел усогласување на работењето на банката со новата/изменетата регулатива.

Исто така, беше вршено следење на почитувањето на прописите коишто се однесуваат на работењето на банката и на интерните акти на банката и за истото беа информирани членовите на Надзорниот одбор и Управниот одбор на банката.

Одговорното лице за контрола на усогласеност на работењето на банката со прописите во 2019 година преку давање на препораки активно учествуваше во изготвување и ревидирање на интерните акти на банката со цел нивно усогласување со новите законски и подзаконски акти.

Во текот на 2019 година беа спроведувани интерни обуки и информирање на вработените за начините на имплементирање на новите законски прописи и интерни акти на банката во нивното секојдневно работење.

Исто така, во 2019 година континуирано е вршена контрола на исполнувањето на обврските на банката во однос на навременото доставување

на извештаите кон надворешните институции и на интерните извештаи, давање на мислења и препораки при извршување на тековните активности на секторите/службите заради доследна примена и почитување на законските прописи и др.

За преземените активности во насока на остварување на функцијата контрола на усогласеност на работењето на банката со прописите, редовно се известуваше Управниот и Надзорниот одбор на банката преку месечните и полугодишните извештаи.

XVI. АКТИВНОСТИ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ НА ПАРИ

Во согласност со Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам (Сл. Весник на РМ бр. 120/2018 и бр. 275/2019), Програмата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и Процедурите на РБСМ, Банката како субјект кој има обврска да презема мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам ги презема следните мерки:

- процедури за прифаќање на клиенти;
- процедури за анализа на своите клиенти;
- процедури за анализа на ризик и индикатори за анализа на ризик;
- процедури за анализа на ризик од носители на јавна функција;
- процедури од препознавање од невообичаени трансакции и сомневања од перење пари и финансирање на тероризам;
- процедури за чување на податоци и документи за невообичаени трансакции и сомневање од перење пари и финансирање на тероризам;
- процедури за чување на податоци и документи и доставување до Управата за финансиско разузнување (УФР);
- план за постојана обука на вработените во РБСМ од областа за спречување на перење пари и финансирање на тероризам;
- начин на соработка со УФР;
- процедури за план за вршење на внатрешна контрола и ревизија на спроведените мерки и дејствија за спречување на перење и финансирање на тероризам.

Во текот на 2019 година, одговорното лице во Банката за спречување на перење пари и финасирање на тероризам соработуваше со УФР и други надлежни институции и присуствуваше на обуки што беа организирани од нивна страна.

Во овој период се одржаа повеќе работни состаноци со УФР и Комисијата за спречување на перење пари и усогласеност со прописите за практична примена на измените и дополнувањата на Законот. Вработените во Банката беа запознати со одредбите и практичната примена на измените на Законот што се однесуваат на готовинските плаќања во редовните обуки што се одржаа во текот на годината.

XVII. СИГУРНОСТ НА ИНФОРМАТИВНИОТ СИСТЕМ

Политиката за сигурност на информативниот систем ја дефинира примената на меѓународни сигурносни стандарди и заштитни механизми за намалување на ризикот од предизвикување штети и минимизирање на загубите како и управување со оперативниот ризик. Таа е создадена со цел да се обезбеди доверливост, интегритет и расположивост на средствата на информативниот систем, да осигура непрекинатост во доставувањето информации, податоци и услуги и да ги заштити вработените од човечка грешка. Политиката за сигурност на информативниот систем е проширена во опфат со заканите кои доаѓаат од дигиталниот простор. Банката ги следи светските трендови и способна е да даде соодветен одзив.

Банката има изготвено упатство за проценка на ризиците. Упатството за проценка на ризиците претставува основа за спроведување успешна и детална проценка на ризиците врз информативниот систем. Банката како ризик ги разгледува и заканите кои доаѓаат од дигиталниот простор. Во постапката за проценка е применет квалитативниот метод.

До органите на управување на годишно ниво се доставува анализа и оценка на ризиците за сигурноста на информативниот систем како и најмалку два извештаи во врска со сигурноста на информативниот систем. Најмалку еднаш годишно, Банката спроведува самооценка на ризиците кои потекнуваат од заканите во дигиталниот простор.

Планот за континуитет во работењето на Банката обезбедува воспоставување план за продолжување на работењето во случаи кога е предизвикан критичен прекин на работата и деловните процеси, при кои Банката не е во можност да ги исполни своите деловни обврски. Планот вклучува стратегии, активности и процедури за продолжување на деловните операции и функции поврзани со реставрација на комуникациските и информативните средства. Планот за обнова од катастрофа е составен дел од Планот за континуитет на работењето. Банката располага и со резервен центар за податоци.

Во Банката на редовна основа се зајакнуваат контролите од областа на сигурноста на информативниот систем. Таа ги следи светските трендови во областа на криминалот во дигиталниот простор (cybercrime) и презема административни, организациски и технички мерки за намалување на овие закани.

Дополнително, Банката успешно ги имплементираше мерките, препораките, управувањата, барањата, контролите на SWIFT сервисот каде што горенаведените се воведоа со цел за јакнење на сигурноста на локалната компјутерска мрежа како точка каде се концентрираат хакерските напади, што впрочем стана глобален проблем. Воедно, Банката го измени и начинот на поврзување во SWIFT мрежата што придонесе за поедноставување и оптимизирање на SWIFT сервисот.

XVIII. ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

Во текот на 2019 година, Службата за информатичка технологија го следеше развојот на Банката, овозможувајќи континуирана ИКТ поддршка на деловните процеси во Банката. Имено:

- континуирано беа преземани активности за надградба или измени на постоечкиот Интегриран банкарски информациски систем (ИБИС) и останатите деловни софтверски решенија. Истите се однесуваат на имплементација на нови функционалности за поефикасно извршување на деловните активности како и задоволување на регулаторните барања.

- континуирано беа преземани активности со кои се обезбедуваше поголема достапност на ИКТ ресурсите на вработените во банката, при што значителен акцент беше ставен и на обезбедување на поголема безбедност при користењето на истите, а согласно добрите пракси препорачани за работа во банките;
- се воспостави нова резервна локација кај клауд провајдер притоа користејќи ги најновите светски практики за деловен континуитет и опоравување од катастрофи.
- согласно потребите за подигање на степенот на отпорноста од ризици во дигиталниот простор како и SWIFT барањата за имплементација на сигурносни механизми, во Банката се преземаа активности во насока на имплементација на истите.

XIX. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Службата за внатрешна ревизија е независен организациски дел, кој е функционално и организациски издвоен од останатите организациски делови во Банката, хиерархиски лоциран над оперативните организациски делови, а непосредно под Надзорниот одбор и Одборот за ревизија.

Основна цел на работењето на внатрешната ревизија е да обезбеди објективна и независна оценка за адекватноста и ефикасноста на системот на внатрешни контроли, оцена на спроведувањето на политиките за управување со ризиците, оцена на точноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи, на усогласеноста на интерните политики и процедури на Банката со законската регулатива, како и на општата ефикасност во работењето на Банката.

Внатрешната ревизија во текот на деловната 2019 година ги извршуваше своите активности во согласност со Годишниот план и програма за работа, изработени врз основа на прелиминарна анализа на основните деловни процеси на Банката и потенцијалните ризици на кои се изложени овие деловни процеси. Годишниот план и програма за работа се одобрени од страна на Надзорниот одбор на банката.

Во текот на 2019 година, Службата за внатрешна ревизија изврши 13 редовни ревизорски контроли, тековно ја следеше имплементацијата на

дадените препораки, редовно го известуваше Надзорниот одбор на Банката и соработуваше со Управниот одбор, Одборот за ревизија, НБРСМ и независниот ревизор на Банката.

Управен одбор
Главен извршен директор Кире Наумов
Главен оперативен директор Фарук Исмаили

www.grant-thornton.com.mk